**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 20 декември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници ја отворам 117-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Пратениците: Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Рафет Муминовиќ, Борис Кондарко, Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Теута Арифи, Љубчо Георгиевски и Абдуладил Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се во Клубот да влезат во салата, бидејќи сега сме 57 присутни.

Службите нека го утврдат повторно бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Продолжуваме со работа.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот буџетски совет, Генералниот директор на јавното претпријатие "Македонска радиотелевизија".

Законодавно-правната комисија предлага на оваа седница да се разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 75 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева. Барањето за давање на автентично толкување на член 77 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева.

Барањето за давање автентично толкување на член 19 став 1 и на член 20 од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, поднесено од Народниот правобранител.

Барање за давање автентично толкување на одредбите на членовите од 203 до 235 и на членот 269 од Законот за работни односи, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски.

Заради рационалност, претседателот на Законодавно-правната комисија ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секое од нив одделно.

Го молам претседателот на Законодавно-правната комисија да ја образложи основната и неодложна потреба овие барања за давање на автентично толкување да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Законодавно-правната комисија.

Повелете госпоѓа Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам извештаите на Законодавно-правната комисија заедно со барањето за давање на автентично толкување на членот 75 од Законот за јавните набавки, "Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004, поднесено од пратеничката Силвана Бонева, Барањето за давање на автентично толкување на членот 77 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки "Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2004, поднесено од пратеничката Силвана Бонева. Барањето за давање на автентично толкување на членот 19 став 1 и членот 20 од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица, поднесено од Народниот правобранител Иџет Мемети и Барањето за давање автентично толкување на членовите од 203 до 235 и на членот 269 од Законот за работните односи "Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски, Собранието да ги разгледа на оваа 117-та седница.

Ценам дека разгледувањето на оваа седница на наведените барања заедно со извештаите на Законодавно-правната комисија во голема мерка ќе придонесе во примената на одредбите за кои се бара автентично толкување од Законот за јавни набавки, Законот за работни односи, кој е нов закон и секако бара одредени појаснувања и на Законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија.

Покрај ова, сметам дека не треба да се одолговлекува оваа постапка, имајќи предвид дека сме пред Нова Година, се донесува Буџетот и одолговлекувањето секако ќе е штетно при практичната примена на овие одредби.

Затоа, барам овие барања, заедно со извештаите да се разгледаат на оваа седница.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на член 75 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева, да биде разгледано на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 пратеници гласале, 64 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на член 77 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева да биде разгледано на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 57 пратеници гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на член 19 став 1 и на член 20 од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, поднесено од Народниот правобранител да биде разгледано на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници гласале, 63 за, нема воздржан и нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на одредбите на членовите од 203 до 235 и на член 269 од Законот за работни односи, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски да биде разгледано на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 59 пратеници гласале, 59 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба предлогот за донесување на закон со предлог на закон да биде разгледан на оваа седница.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Со постојниот Закон за  данок на добивка од 31.12. голем број на даночни олеснувања престануваат. Владата понуди закон со кој дел од нив ги продолжуваме со видоизменет облик. Со оглед дека тоа е доставено до пратениците, во материјална расправа нема да навлезам, а кога ќе дојде законот ќе зборуваме. Со оглед дека роковите за овие закони вообичаено важат од 1 јануари и заради опасноста да се пробие рокот заради презафтеност на Собранието со точките од дневен ред, бараме овој закон да се разгледа по оваа итна процедура на оваа седница, со цел да може да стапи на сила од 1 јануари, за да можат да се користат тие олеснувања.

Затоа, молам Собранието да ја прифати процедурата.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на законот со предлог на закон да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со предлог на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итноста и неодложната потреба предлогот за донесување на закон да се разгледа на оваа седница.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Овој закон е во пакет со првиот. Неколку измени предлагаме со цел да може да се влезе во календарската година, а воедно и финансиска година 2006-та со изменет закон со олеснувањата односно измените, како и кај данокот на добивка кои се компактибилни и од тие причини бараме да се гледа по итна постапка , за да може да стапи на сила од 1 јануари.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата, предлогот за донесување на Законот со предлог на закон да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

66 пратеници гласале, 66 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе закон за изменување на законот за установите.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерката за правда, госпоѓа Младеновска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници.

Потребата од изменување и дополнување на Законот за установите во итна постапка е поврзано со потребата од функционирање на

едношалтерскиот систем што треба да започне од почетокот на наредната година и потребата од усогласување на Законот за установи и Законот за едношалтерскиот систем за водење на трговскиот регистер, од причина што во досегашното решение на Законот за за установите се предвидува регистерот на установите да се води во суд, за разлика од Законот за едношалтерски систем што предвидува евиденцијата да се врши во Централниот регистер, врз основа на одредбите односно според управната постапка. Значи, според правилата на управната постапка и заради усогласување потребно е да се изменат одредбите на Законот за установи за да може да функционира едношалтерскиот систем.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

67 пратеници гласале, 66 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија поднесен предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници и предлага таа да биде разгледана по итна постапка.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итноста на одлуката.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Со Буџетот на Република Македонија за оваа година, за 2005-та година средствата за редовна исплата на пензиите се обезбедени во целосен износ. Меѓутоа, со измените кои ги донесе Собранието на Пензискиот закон со кој го пролонгира спроведувањето на новото пензионирање уште за две години се јавија дополнителни пензионери или лица кои се во Заводот односно во Агенцијата за вработување , кои со пензионирањето по старите  услови ќе се префрлат во пензискиот фонд до крајот на годината односно веќе се префрлени откако Законот е донесен. Тоа создаде нов дополнителен дефицит во Фондот за пензиско осигурување од 300 милиони денари.

Со оваа одлука предлагаме да се донесе по итна постапка од две причини. Прво, за да се потполни дефицитот настанат од овој нов закон во Фондот за пензиско осигурување и второ да можат пензиите од втората група за месец ноември, кои се исплаќаат традиционално до крајот на годинава, некаде од 25 до 27 секој месец да бидат исплатени.

Предалагаме со оваа одлука да се изврши прераспределба на средствата, од заштедените средства од плати за месец ноември кои се исплатени во месец декември 2005 година во полн износ, со оглед дека сме веќе 20 декември, сите плати се исплатени од Буџетот. Заштедени се средства од плати за да ги префрлиме во Фондот за пензиско осигурување со цел да го надоместиме тој нов дефицит што се јави согласно законот. Нови средства од Буџетот не зафаќаме, со постојните прераспределби од заштедените, за да може редовно да се исплатат пензиите.

Веќе во 2006 година со новиот Буџет тој ефект во законот е вграден и нема да има дополнителни ефекти.

Затоа, молам денес одлуката да се донесе.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 69 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат и предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување, избор и именување членови на Управниот одбор на Македонската радио телевизија.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Повелете господине Каме Петров, имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе. За 117 седница на Собранието на Република Македонија, Комисијата запрашања на изборите и именувањата предлага дополнување на дневниот ред со уште три нови точки.

Двете се однесувааат на измени на персоналниот состав на неколку работни тела на Собранието на Република Македонија, додека третата е за разрешување и именување и избор за членови на Управен одбор на јавна установа, чии основач е Собранието на Република Македонија.

Бидејќи станува збор за комплетирање и потреба од ефикасно работење на овие тела, а итноста и неодложноста е утврдена со нашиот Деловник, молам предложените точки да бидат вградени во дневниот ред за денешната седница на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** И јас ви благодарам.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Македонската радио телевизија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале62 пратеника, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници;

2. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон;

3. Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2006 година;

4. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, со Предлог на закон;

5. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Битола;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Македонската радио-телевизија;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон;

11. Предлог на закон за изменување на Законот за установите;

12. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазик за 2006 година;

13. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство за 2006 година;

14. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на сателитскиот радио програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство за 2006 година;

15. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на сателитскиот телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство за 2006 година;

16. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Собранискиот канал во 2006 година;

17. Предлог на закон за извршување на санкциите;

18. Предлог на закон за воздухопловство;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за минералните суровини;

21. Барање за давање автентично толкување на членот 75 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева;

22. Барање за давање автентично толкување на членот 77 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева;

23. Барање за давање автентично толкување на членот 19 став 1 и членот 20 од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, поднесено од Народниот правобранител;

24. Барање за давање автентично толкување на одредбите на членовите од 203 до 235 и на членот 269 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски;

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;

27. Предлог на декларација за враќање на надлежноста на Република Македонија за случаите против кои Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија има поведено постапка.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред? (Нема).

Бидејќи нема, предложеноит дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеника, 73 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Дали има предлози за измена на редоследот на дневниот ред? (Нема).

Бидејќи нема, констатирам дека овој дневен ред кој што е усвоен, по тој редослед и ќе работиме. Ако некој во текот на расправата побара со поддршка од десет пратеника, да се измени.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Нема).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 73 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници.

**Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Нема).

Бидејќи нема пријавени за збор ...

Госпоѓо Којзеклиска вклучете го вашиот часовник, или јас ќе ја вклучам штоперицата. Еве сега да ви кажам. Слушајте: Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Имавте време 20 секунди.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Господине претседателе немаше потреба толку да читате, затоа што Министерството за труд и социјална политика е предлагач на овој закон.

Меѓутоа, ние денес добивме амандмани од страна на Министерството, во кои се менува, значи се додаваат нови членови, со кој се формираат комисии во Министерството за труд и социјална политика и логично е министерот за труд и социјална политика да даде образложение, барем по оние амандмани по кои тие ги предложиле.

Од тие причини, беше и моето задоцнување во јавувањето. Чекав три секунди.

Во однос на Предлогот за донесување на закон, за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, на Комисијата за труд и социјална политика не беше присутен министерот, беше присутен заменикот на министерот и одредени дискусии, всушност беа во следниве насоки.

Прво, оваа е четврта измена на Законот за вработување на инвалидни лица, која се предлага. Став е и на Законодавно-правната комисија, но и заради практичност и применливост на овој закон е потребно Министерството за труд и социјална политика да даде нов текст на Предлогот за донесување на закон за вработување на инвалидни лица, не да ја овластува, или да ја задолжува Законодавно-правната комисија да изготви и пречистен текст. Вака како што доаѓа четврта измена и оние амандмани кои ги поднела Владата, со кои се додаваат нови надлежности, ред е за да можат и стручните служби во Министерството за труд и социјална политика и граѓаните кои знаат да читаат закони да знаат кои права им припаѓаат, а кои не им припаѓаат. Оној текст кој беше предложен од страна на Министерството за труд и социјална политика, а разгледуван на Комисијата за труд и социјална политика се

однесуваше на средствата кои остануваат во Агенцијата за вработување и кои со годините стигнале до 200 милиони денари нераспределени средства, значи како нераспределени средства, иако заменик министерот рече дека во тек било разгледувањето на барањето од страна на инвалидните организации за доделување на тие средства, меѓутоа, јас ќе го потсетам и министерот за труд и социјална политика и колегите пратеници дека кога беше измената на Законот, односно претпоследната измена на законот, пратениците на ВМРО Народна партија укажуваа на рестриктивните услови кои треба да ги исполнат соодветните организации кои вработуваат инвалидни лица и оние средства кои ќе останат мртов капитал во Агенцијата за вработување. Сега дојдовме до таа ситуација 200 милиони денари колку што изнесува Буџетот на едно министерство со Предлогот на Буџетот за 2006 година да останат во Агенцијата за вработување.

Она што остана како неразјаснето на седницата на Комисијата за труд и социјална политика во самиот текст на законот се велеше дека се употребувало и средства од Агенцијата за вработување наменети да се дадат на соодветните организации кои вработуваат или ќе вработуваат инвалидни лица, ќе се однесуваат не само за вработување на инвалидни лица, туку ќе се подобрат условите за вработување и на останатите лица. Но, во образложението на текстот на законот за инвалидизирани лица беше наведено исклучиво дека ќе се користат за инвалидни лица. Значи, неусогласеност, терминолошка неусогласеност, која многу значи дали овие средства ќе се применуваат за сите, иако заменик министерот образложи дека покрај инвалидните лица овие над 200 милиони денари ќе останат, ќе можат да ги користат и лица кои не се со инвалидност.

Во однос на она што го добивме како амандманите и тоа четири амандмани, јас би сакала од министерот за труд и социјална политика кој е тука присутен да ни ја образложи неопходната потреба на пример за амандманот 2, ако се земе предвид во образложението дека со овој амандман се овозможува формирање на комисија при Министерството за труд и социјална политика за определување на работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место, со што ќе се постигне поголема ефикасност и стручна заштита.

Па да прашам: зошто Министерството за труд и социјална политика во ваква форма како амандмани мораше да ги поднесе на денешната седница, кога и така предлогот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица беше под еден или два, не се сеќавам колку точно членови, зошто тогаш не ги поднесе Министерството за труд и социјална политика, па мора во форма на амандмани да не изненади нас пратениците, што мислам апсолутно нема потреба, и сите тие работи се констатирани пред да се достави предлогот до Собранието на Република Македонија за да можат надлежните тела да го гледаат.

Во секој случај, ваквата пракса не е во ред. И јас повторно ќе укажам дека четврти пат се менува овој закон, заради полесна применливост на законот, се работи за една специфична категорија на лица, се работи за огромни суми на финансиски средства кои стојат на сметка на Агенцијата за вработување. Редно е во наредниот период Министерството за труд и социјална политика да дава целосен текст на законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе. Би кажала само неколку збора околу предлогот на овој закон за измени и дополнувања на Законот за вработување на инвалидни лица. Јас навистина, сум зачудена како е можно толку големи средства да останат неискористени. Дали на инвалидните лица состојбата им е толку добра, па немало потреба да се употребат овие средства, или пак целата процедура, која е пропишана, за која што при измените на законските решенија ние укажавме дека процедурата е навистина комплицирана и е тешко да се дојде низ тие комисии итн, и сега на крајот од годината имаме огромни средства кои не се искористени. Се прашувам зошто? Дали неефикасно се работело, или пак толку многу средства сме имале во тие посебни фондови така што на инвалидните лица се им беше добро и одлично се работеше, а пак сега овие средства им останаа како вишок. Јас не би рекла така, бидејќи секојдневно се среќавам со овие лица и навистина се наоѓаат во една тешка и многу маргинализирана состојба. Како е можно на крајот од годината да ни се ваков вишок на средства. По се изгледа Министерството за труд и социјална политика не работело онака како што треба ефикасно и не им ја подобрило положбата на инвалидните лица, поготово во сферата за нивно в работување.

Јас ќе дадам поддршка на овој Предлог на закон, затоа што ќе одат средствата да се искористат таму каде што треба, меѓутоа, ова е еден доказ каде што Министерството за труд и социјална политика во изминатата година воопшто многу малку се ангажирало за да ја подобори положбата во сегментот на вработување на инвалидните лица.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Андова, имаате реплика? Три минути повелете.

**Ана Андова:** Благодарам. Навистина со измените кои ги донесовме во два-три наврати во претходниот период Министерството за труд и социјална политика предвидело солиден износ на средства и факт е дека тие средства не се потрошени.

Меѓутоа крајно е неупатно и во крајна линија не морално да се препишуваат на одредени субјекти

затоа што сите мораме да го препишеме тоа на нашите вкупни предрасуди, како општество и како чинители, спрема тие луѓе. Заради тоа е неупатно да не се спомне и акцијата на Министерството што сега е во тек, за едуцирање на можните и потенцијални работодавачи кои се заинтересирани и кои сакаат да остварат простор за вработување на овој вид онеспособени или оневозможени, природно, лица да се валоризираат и реализираат на пазарот на трудот.

Ја поздравувам таа акција, колешке. Ако не сте знаеле, информирајте се.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Лалчевска, една минута.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Драга моја колешке, не се работи за предрасуди. Со предрасудите одамна сум расчистила јас лично и затоа сакам да помогнам да им се подобри положбата на овие наши сограѓани. Овде се работи за закон, за процедури и постапки предивдени во закон што очигледно Министерството за труд и социјална политика не ги испочитувало до крај, низ тие процедури, средствата кои биел наменети за овие лица, да се искористат правилно, па на крајот сега имаме остаток од тие средства, а хендикепираните лица се со најнизок процент на вработеност во државата.

**Љупчо Јордановски:**Повелете министре,

**Стевче Јакимовски:** Беа изречени сериозни резерви по основ на зкаонот и јас сакам да укажам на следното:

Коректно е да признаеме дека во оваа држава се прават сериозни злоупотреби со средствата од посевниот Фонд за вработување на инвалиди и основното што Министерството за труд и социјална политика го презема, е да ги ускрати мозностите на исте оние кои сакаат да ги злоупотребуваат овие средства. Во тој правец ние, со последната измена што беше во август месец, ги заостривме критериумите за давање средства од овој Фонд, во смисла на обезбедување на ГАМ банкарски гаранции и хипотеки за доделување на вакви средства.

Ако се сеќавате, почитувани колеги, ние го зголемивме и квантумот на средства кои може да се добијат за оваа намена. Значи од една страна воведовме обезбедувања, од друга страна го зголемивме квантумот на средства, што значи, секој оној кој е чесен и што сака да вработува инвалиди и што имаат коректен бизнис план, слободно моеже да конкурираат и такви средства ќе добијат.

Сакам да кажам, почитувала Лалчевска, тоа не се средства што ни останале на крајот на оваа година. Тоа се средства што во континуитет, над 200 милиони денари секоја година останува на оваа сметка. Што тоа значи? Тоа значи непотребно ни седат имобилизирани секогаш над 4-5 милиони евра. Значи полнењето на овој Фонд се врши од придонесот за осигурување во случај на невработеност, што го плаќаме од сите плати, во висина од 1, 69%. Од тие 1,69%, 15% се одвојуваше за овој Фонд. Значи таа сума од 15% неправилно сме ја одмериле и се собираат преголеми средства. Во услови кога имало енормни злоупотреби на овие средства, потрошени се максимум 120 милиони денари. Значи годишно ние можеме и со либерални услови и без банкарски гаранции и со фирми отвори-затвори итн, максимум можеле да се потрошат 120 милиони денари.

На крајот во самиот закон, во образложението, не случајно ви го дадовме да прочитате секоја година колку средства се прибрале и колку од тие средства се потрошиле. Согласно на тоа ние донесовме ново законско решение со кое овие 15%, до 1.01.2007 година веќе нема да се полнат во фондот, бидејќи имаме доволно пари, а тие средства да ни остануваат активните мерки за вработувањ еи второ, во наредниот временски период 10% од придонесот за осигурување во случај на невработеност, тие се издвојуваат за во овој фонд, сметаме дека средствата ќе бидат соодветни на потребите што ги има овој Фонд. Така, оваа година до 21,11,2005 година, ние сме распределиле средства со поострени критериуми, во висина од 89 милиони денари.

Што се однесува до амандманот, ние денес, во овој момент ги повикавме, во Сојузот на синдикатите во Македонија, во нивната сала се одвива средба меѓу Министерствот за труд и социјална политика и сите заштитн трговски друштва во Република Македонија, од овој скопски регион. Претходно имавме една средба во Виница и од средбата во Виница произлезе забелешка на овие трговски друштва дека Комисијата за категоризација и за оценка на инвалидитетот, тоа е истата онаа Комисија што го утврдува инвалидитетот и на инвалидизираните лица и за нега од трето лице и сега во конкретниот случај лица кои имаат извршено категоризација на инвалидитетот. Одкако ќе поднесат барање за вработување во некое заштитно трговско друштво, повторно истата Комисија треба да даде согласност односно одобрение дали лицето со таква пречка во развојот може и одговара за тоа работно место.

Наш предлог, а произлезе заедно со стопанствениците е дека таму тие лица чекаат по 3, 4, 5 и 6 месеци, а имаат потреба лицата да бидат вработени.

Во интерес и на инвалидизираните лица и на стопанствениците, да не се чека, донесовме веднаш предлог, додека Законот беше во процедура, значи тоа произлезе од минатата средба од пред 2 недели, таа Комисија да биде при Министерството за труд и социјална политика односно да ја формира министерот за труд и социјална политика, а ќе биде составена од претставници на нивната асоцијација, од претставници на инвалидите, од претставници на Агенцијата за вработување, Министерството за труд и социјална политика и Фондот за ПИОМ и

ќе си биде со седиште во нивната асоцијација и треба да се состанува три пати месечно, се во интерес побрзо да се вработуваат и инвалидите и стопанствениците да не чекаат за овие битни средства. Тоа е причината зошто ние сме ускнале ад хок со амандман, во правец да им овозможиме, да не бидеме ние пречка тие да си ги остваруваат своите права, напротив да го деблокираме тој процес, затоа што како што реков таа Комисија за категоризација врши категоризација на инвалидизирани лица, нега од трето лице итн. Оваа година, до сега, 17 илјади предмети таа Комисија има само од нега на 3-то лице , а да не кажувам колку има оценка за инвалидитетот. Тоа е причината и самата Комисија се согласува дека ова прашање за одобрување кој на кое работно место може да работи со своите пречки во развојот, дека непотребно се држи во таа Комисија. Тоа е причина зошто го предлагаме овде.

Јас можам само да ви се извинам што порано тоа не сум го сознал, туку го сознав сега од средвите, а тоа јасно покажува дека тие средби се максимално корисни и нема зошто ние како Влада веднаш да не интервенираме, во интерес и на инвалидизираните лица и на стопанствениците. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска имате три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Господине министре вие навистина сте требале порано да ги осознаете овие раборти, за тоа и сте министер на овој ресор. Сте немале потреба да чекате сега да ги осознавате. Што сте работеле цела година и нананзад?

Јас занм дека се правени злоупотреби на овие средства. Знам, исто така дека потребни построги критериуми. Меѓутоа, крајно се ускратени можностите на оние кои не ги искористиле овие средства, а за тоа господине министре само вие сте виновни, затоа што вие сте ресорен министер кој требало да води грижа како тие средства се користат, дали има злоупотреби. Ако требало да се интервенира, требало да се интервенира многу порано.

**Љупчо Јордановски:** Барате збор министре?

Пред малку рековте да не бидеме пречка, ама вака навистина ќе бидете пречка за да ја водиме цел ден расправата. Не можеме да се убедиме и да се разубедиме. Можевте за тоа конференција за печат да свикате.

Повелете, министре имате една минута контра реплика

**Стефчо Јакимовски:** Почитувана Лалчевска, веројатно не можете да ме обвините за неискористени средства од 2002, 2003, 2004-та година. Гледате дека јас како министер во 2005 година правам напори и споредено со претходните години имаме доста квалитетна реализација. Мислам дека некоректно е да ме обвинувате за непотрошени средства во 2002 и 2003 и 2004 – та година кога јас не сум бил ресорен министер за труд и социјална политика.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска имате реплика три минути

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Министерот за труд и социјална политика господинот Стефчо Јакимовски точно е дека не беше министер 2003 и 2004 година, ама ја знае правната држава. Нели Македонија е правна држава.

Не знам што го спречувало министерот за труд и социјална политика, од онаа средба што ја имал во Виница пред незнам колку време, да не го поднесе тој амандман во предлогот, како текст на закон, член од соодветниот закон за измени и дополнување на Законот за вработување на инвалидизирани лица, туку вака на препад ни го даваат амандманот. Во ред е амандманот, требало, но што го спречУвало до сега да не го вгради во текстот кој веќе беше доставен до Собранието. Точно е дека министерот ги ускратувал можностите за злоупотреба од страна на инвалидните организации за вработување на инвалидизираните лица. Меѓутоа, мора да разбереме дека со тоа почитуван министре вие им ги скратувате и правата на инвалидните лица да се вработуваат, бидејќи ако не ги вработувате во инвалидните организации, значи им давате рестриктивни услови. По автоматизам инвалидните лица не можат да бидат вработени.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Гешоски барате збор?

Повелете.

**Благоја Гешоски:** Благодарам претседателе.

Предлогот за изменување и дополнување на законот за вработување за инвалидни лица, точно е дека еден ваков предлог имаме веќе 4-ти пат во изминатите две години и апсолутно јас гоа не го гледам како нешто што е негативно, бидејќи потребта за изменување на законот се наметна од практичната примена на законот за вработуање на инвалидни лица.

Во изминатите два наврати, по барање на оние кои се најмногу засегнати од Законот за вработување на инвалидни лица, тоа беа самите лица со инвалидност, меѓутоа и сопствениците на заштитните организации, се наметна таа потреба. Тоа може да биде пример како треба да се пристапува кон изменување на законите кога се наидува на пречки во нивната практична примена.

И тогаш како и пред неколку дена, средбата која била регионална, која се одржала во Виница што ја спомна министерот, имаше разни регионални средби на кои инвалидните лица укажаа на зллупотребите кои ги имаа на нивниот грб, при нивното вработување.

Денес пред нас имаме во друг правец изменување и дополнување на овој закон и навидум секогаш кога имаме таков негативистички пристап и секогаш кога бараме задна намера во она што се работи, ние можеме да настапиме и да го критикуваме овој предлог, како што имавме можност да слушнеме. Меѓутоа,

ниедна економска оправданост не постои и нема, средства во висина од 4 или 5 милион евра да стојат на сметката на посебниот фонд и тие да не бидат искористени.

Од она што јас го имам како сознание, посебниот фонд и во наредните години воопшто да не се полни, овие средства не може да бидат искористени од една еднставна причИна што нема лица со инвалидност на кои им се потребни толку многу средства, бидејќи во изминатиот период речиси и да нема во Агенцијата за вработување лица со инвалидност, тие што се водат како невработени.Знам дека постојат случаи на нивна злоупотреба, нивна манипулација, нивно фиктивно вработување, меѓутоа согласно законските прописи вие, така да кажам не можевте да најдете невработено лице со инвалиднсот. Од тие причини несфатиливо е некој да бара и да се залага да стојат средства кои нема да бидат искористени. Можеби ваквите дискуси ќе беа непотребни или немаше да ги има доколку измените и дополнувањата имаа една регуларна, би рекол, процедура, иако денес пред нас немавме еден амандман кој е многу пообемен од она што е самиот предлог на закон за изменување и дополнување, меѓутоа од причини што тоа е во интерес на лицата со инвалидност и е во правец на нивно поквалитетно искористување на правата што им го нуди законот за инвалидни лица, ние како таков треба да го прифатиме. Без разлика кога и да ни се нудат измени и дополнувања кои значат квалитет, ние треба да ги прифатиме.

Можеби министерот на самиот почеток требаше да ни даде малку повеќе статистика и образложение на овој закон и сигурно со тоа ќе се избегнеа овие понатамошни дискусии. Од она што јас го знам и познавам како статистика, не знам колку е точно, но во Република Македонија има околу 700 фирми кои вработуваат инвалидни лица. Во нив се вработени околу 3200 вработени и едноставно на берзата на трудот нема слободни невработени лица со инвалидност кои можат да ги искористат овие средства.

Пречка до која наидуваат фирмите кои сакат да ги искористат средствата од посебниот фонд беше што на нивно барање чекаа можеби и по година и повеќе. Сега слушам дека Министерството има покзаконски акти кои не дозволуваат ниедно барање да не биде одговорено подолго од 2 месеци односно во рок од 60 дена . Мора на секој подносител на барањето да му се даде одговор кои се причините поради кои може или не може да ги искористи средствата.

Од тие причини ние како пратеничка група ќе ги поддржиме овие измени на законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мешков имате збор.

**Љупчо Мешков:** Благодарам претседателе, почитуван министре.

Состојбите, така да кажам во сферата на вработувањето на инвалидните лица не се така добри како што треба да бидат и сега од амандманите што Владата ги предлага гледаме дека една од причините за таквите состојби е рестриктивната политика во трошењето на средствата предвидени со Буџетот, а без трошење на такви средства кои се во правец на адаптирање на работните места и создавање услови за вработување на инвалидните лица, значИ поврзано со материјални средства, не можеме да сметаме на реализација на некои поефикасни мерки во вработувањето на инвалидните лица.

Со неколку збора сакам да го коментирам амандманот 2 на Владата на Република Македонија, нели тој сега станува составен дел на текстот на законот. Инаку, со овој амандман се предвидува формирање на посебна комисија во рамките на Министерството за труд и социјална политика, комисија која ќе ја формира со акт министерот за труд и социјална политика. Сега јас малку ќе се навратам на минатата година кога ние ги носевме измените на законот за ПИОМ, а кога министер за труд беше господинот Манасиевски и кога ние овде се расправавме дека со формирањето на 4 комисии во рамките на фондот за ПИОМ, во оценката на работната способност дека постапката ќе биде неефикасна и ќе се одолговлекува. Сега потврда на таквите мои дискусии е токму предложениот амандаман од Владата во кој во образложението се вели дека на овој начин ќе се постигне побрза и поефикасна постапка за вработување на инвалидните лица. За разлика од сега кога тоа го прави фондот за ПИОМ, сега формираме нова комисија во рамките на Минситерството за труд и социјална политика, па би било добро да слушнеме образложение што значи тоа побрза и поефикасна постапка. Значи ли тоа дека сега постапката во рамките на фондот се одолговлекува, со новите измени во рамките на овој закон што го имавме минатата година. И второ, што ќе значИ тоа, дали сега видовме повеќе пари, па еве сега можеме да трошиме пари и за нова комисија, иако тие пари можат, на пример поефикасно да се искористат во постапката на преземање на ефикасни мерки за вработување на инвалидните лица. Значи, образложението на тој амандман дека ќе обезбедиме побрза и поефикасна постапка, значИ ли сега дека таа постапка е неефикасна заради тоа што, вие знаете тогаш ние формиравме, место две, сега имаме 4 комисии и постапката, нормално, трае подолго време.

**Љупчо Јордановски:** Повелете министре имате збор.

**Стефчо Јакимовски:** Претседателе, јас мислам, ако предлагаме измени на закон, овие граѓани треба да знаат зошто го предлагаме овој закон и ако има дилеми кај пратениците, треба да ги расчистиме. Ако вие евентуално сметате, јас сум подготвен. Мислам дека сепак се поставуваат некои дилеми и се зборува дека Министерството води рестриктивна политика.

Не е точно Министерството не води рестриктивна политика, туку води сметка да нема злоупотреби на инвалидизираните лица. Ние сите знаеме, целата македонска јавност знае и ние како Министерство и како институции, дека злоупотреби имаше во тој дел и од тие причини беа воведени обезбедувањата, гаранциите и хипотеките.

Втора работа, не е точно дека сме рестриктивни, туку напротив сме експанзивни, затоа што дозволивме инвалидизцираните лица да можат да се вработуваат со бенефиции и во јавните установи, јавната администрација, јавните претпријатија. Значи, следнава работа, дозволивме со минатите измени да се вработуваат и трудовите инвалиди. Значи тоа е уште една новина и апсолутно не држат тезите дека се однесуваме ресриктивно, туку напротив отворивме уште поголем простор за тие луѓе да можат да се вработуваат.

Почитуван господине Мешков, оваа Комисија, сакам да објасниме на јавноста, дека Комисијата за категоризација при Фондот за пензиско-инвалидско осигурување, таа еднаш, лицата со посебни потреби ги катагоризира. Ова е за вториот пат, кога повторно тие лица кога ќе сакат да се вработат треба Комисијата да даде одобрение дали тоа лице со својот недостаток што го има може да ја работи таа работа за која што работодавачот го предлага. И, сметајте дека лицето веќе треба да се вработи, а на таа Комисија се чека подолг временски период. Ние сметавме, односно заедно со работодавачите и со претставниците на инвалидските организации се договоривме да може таа Комисија, и се слага и Комисијата при Фондот да се префрли при Министерството, односно со седиште ќе си биде во нивната асоцијација, тие да си свикуваат седници, многу побрзо и побрзо, да можат луѓето да се вработуваат.

Инаку, трошење на пари ќе се намалат по основ на комисиите, затоа што сега еден предмет од посебниот фонд до Комисијата за категоризација се плаќа 80 евра. Значи, ние, нашиот предлог сега ќе биде со помалку средства да може да се обавува оваа функција, која што и така претходно се плаќаше од посебниот фонд. Значи, не да се зголемат, туку напротив и да го намалиме трошокот на средствата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мешков, три минути реплика.

**Љупчо Мешков:** Само на кратко, значи нема проблем, ние се изјаснивме дека донесувањето на овој закон ќе го поддржиме. Меѓутоа, да разјасниме една работа.

Таа Комисија во рамките на Министерството за труд не може да биде Комисија од правници. Таа повторно мора да биде од лекари, затоа што за да некој каже дали лицето со таков хендикеп може да извршува одредени работни задачи, не може тоа друг профил освен да биде тоа лекар. Зошто сега би го правеле тоа, за на два пати, кога веќе имаме Комисија таква, во рамките на Фондот и дали тоа значи, тоа во секој случај ќе значи побрза и поефикасна постапка, како што велат тие. Меѓутоа, значи, докажува дека она што како измена го направивме во Законот за пензиско, ја усложни и ја одолговлекува постапката на брзо и ефикасно остварување на правата на инвалидните лица, а да не зборувам дека ја прави поскапа. Реков за материјалните средства, дека оваа нова Комисија секако дека ќе изискува надоместоци и така натаму. Значи постапката ја поскапува, ја прави поскапа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој нема пријавено за збор повеќе, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Закон за вработување на инвалидни лица.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, 62 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеника гласале, 63 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и за додавање два нови членови 1 и 2, предл членот 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 за менување на воведната реченица на став 1 и на ставовите 2 и 4, со кои се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандман на член 1 за менување на ставовите 1 и 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на ставовите 1 и 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

63 пратеника гласале, 19 за, 2 воздржани, 42 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеника гласале, 65 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Минуваме на третата точка - Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.**

Предлогот на Буџетот, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Го замолувам министерот за финансии Никола Поповски, да го презентира Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Никола Поповски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имам особена чест и задоволство во овој значаен период, кога Македонија се стекна со статусот на земја кандидат за членство во ЕУ да го предложам и заеднички да го разгледаме Предлог-буџетот за 2006 година, кој директно ги рефлектира заложбите на Владата и уверен сум на сите вас, за исполнување на јасно поставените цели. Буџетот на Македонија за 2006 година целосно е усогласен со Макроекономската политика за наредната година и со стратегиите за фискалната политика и управувањето со јавниот долг на Република Македонија, кој, како сеопфатна целина ги презентираат сихронизираните политики не само за идната година, туку и за наредниот среднорочен период. Овие документи во текот на денот ви се доставени.

Длабоко сум убеден дека Македонија опостојува на вистинскиот пат и единствено со продолжување и забрзување на растот, како и со континуитет на започнатите економски и структурни реформи ќе обезбедиме исполнување на задачите и предизвиците кои престојат во наредниот период пред нас.

Дозволете ми на почетокот да се осврнам со неколку зборови на состојбата со македонската економија во годинава која изминува за десетина денови. За таа цел ќе укажам на движењето на основните економски индикатори.

Економските остварувања во 2005 година, изразени преку растот на БДП, фискалната дисциплина, ниската стапка на инфлација, намалување на невработеноста, урамнотежување на екстерната сметка и намалувањето на каматните стапки, претставуваат показател за сигурно закрепнување на македонската економија и добра основа за остварување на уште подинамични стапки на економски раст во наредниот период што доаѓа. Дополнителен импулс во таа насока, без двојба, и со огромна сигурност можам да потврдам дека ќе претставува и новиот статус што Република Македонија го има во односите со ЕУ. Не треба да има дилеми за тоа, со оглед дека имаше дилеми во јавноста дали нешто по автоматизам ќе се случува или не.

Сепак, за интензивирање на економскиот раст на уште повисоко ниво на среден рок потребно е подигнување на квалитетот на институциите и силна поддршка на структурните промени на македонската економија. Натамошниот напредок на планот на економијата нема да биде возможен ниту без силна политичка волја и широка согласност за правецот на реформите, како и користење на сиот расположлив реформски капацитет на државата кој ќе ја доведе економијата во фаза на уште повисок економски раст и развој. Резултатите од изминативе неколку години треба да бидат вовед во еден период на уште повисоки и одржлливи стапки на раст меѓу 4,5 и 5 проценти, што ќе креира уште повеќе нови работни места во нашата економија.

Во оваа година БДП реално ќе биде зголемен за 3,8 до 4% во споредба со минатата година. На ваквиот раст придонес даваат сите економски сектори, освен градежништвото, а најголем придонес дава исклучително високиот раст на индустријата.

За разлика од минатата година, 2004, во која БДП заврши со 4,1% раст и кога индустриското производство имаше минимален придонес на растот на БДП, во 2005 година токму индустрија стана главниот двигател на интензивираната економија. Иако растот во овој сектор беше проектиран на нивото помеѓу 5% и 5,5%, остварувањето во изминативе месеци од годината покажува дека индустријата ќе ја заврши оваа година со раст повисок од проектираниот и тоа на ниво од над 7%. Најважно е, меѓутоа, што растот не е концентриран во индустријата во само неколку гранки, како што во јавноста се толкува, туку напротив, дури 70% од сите индустриски гранки бележат позитивни резултати, меѓу кои најзначајни се прехранбената, индустријата на основни метали, индустријата за градежни метали, текстилната, тутунската, хемиската, фармацевтската и некои други индустрии. Кај останатите сектори од економијата, до крајот на годината, исто така се очекува повисока реализација во однос на

проекцијата и при тоа особено кај трговијата со раст од 5,6%, транспортот и комуникациите 5,1%, туризмот 4%, финансискиот сектор 2,5% и тн.

Во сферата на инфлацијата отсуствуваат благите дефлациони тенденции што беа присутни во 2004, но и покрај тоа просечната инфлација сеуште се наоѓа на мошне ниско ниво, имајќи предвид дека до крајот на годината не очекуваме поголеми поместувања, просечната стапка на инфлација мерена преку порастот на трошоците на живот нема да го надмине ниво од 0,7%.

Карактеристично за оваа година што изминува е дека растот на реалниот сектор воден од зголемената екстерна побарувачка имаше своја рефлексија и во надворешниот сектор, односно зголемување на извозот на стоки за над 26% во оваа година, при истовремен пораст на страната на увозот од околу 16%. До крајот на годината очекуваме овие тенденции да продолжат со позитивно движење и остварување на проекциите за пораст на извозот од близу 31% и на увозот од близу 21%. Во исто време, како резултат на неочекувано високото ниво на трансфери во 2005 година дојде до значително намалување на дефицитот на екстерната тековна сметка на Република Македонија, која, наместо иницијално проектираните 6,5% од БДП на крајот од годината, според нашите проценки ќе изнесува само 2,8% од БДП, што е исклучително ниско ниво и претставува намалување на дефицитот од дури 5 процентни поени на годишно ниво. Во периодот јануари-септември дефицитот на тековната сметка изнесува само 57,4 милиони долари и претставува своевиден позитивен рекорд на Република Македонија.

Нема да претерам ако кажам дека сме горди што можеме да истакнеме дека се работи за историски важен податок, имајќи предвид дека Македонија одвои дополнителни девизни средства за да го компензира растот на цената на нафтата на светските пазари. Имено, за периодот од десет месеци за речиси истото количество на увезена нафта во 2004 година, исплатени се над 100 милиони долари повеќе, кои, доколку се одземат од износот на дефицитот, ќе добиеме дури и позитивно балансирана тековна сметка на Република Македонија.

Ова, заедно со цврстата фискална полилтика овозможи нивото на девизните резерви во Македонија да ги достигнат рекордните 1,1 милијарда долари. Од ова се извлечени средствата од еврообврзници што беа 150 милиони евра, тие се плус, затоа што во јануари ќе ги минусираме со отплата на странски долг. Како разултат на тоа, како резултат на координираната фискална и монетарна политика и каматните стапки забележаа тренд на опаѓање, при што референтните стапки на државните записи во Министерството за финансии и на благајничките записи на Народната банка на Македонија од 10% во јануари се спуштија на околу 8,5% во овој момент. Повотниот развој на настаните на полето на каматните стапки придонесе и за зголемено кредитирање од страна на банките, при што во 2005 година, заклучно со октомври, долгорочното кредитирање на претпријатијата од приватниот сектор е повисоко за дури 31% во споредба со крајот на 2004 година. Ова е особено важен податок, бидејќи се работи за долгорочно, односно инвестициско финансирање на компаниите, што ќе претставува солидна поткрепа за растот на економијата во периодот што доаѓа.

Остварениот раст во 2005 година имаше своја рефлексија и врз движењето на пазарот на работна сила, изразена преку континуирано намалување на бројот на регистрираните невработени лица и пораст на бројот на новите вработувања. Во оваа прилика би сакал да потсетам на моето укажување пред точно две години, во декември 2003 година, кога го гледавме Буџетот за 2004 година и кога укажав дека ако нешто брзо не се превземе, бројот на невработените ќе ја надмине психолошката бариера од 400.000 невработени лица. Тоа не се случи. Во текот на 2004 година, бројот на невработените не се зголеми и го задржавме на истото ниво. Минатата година, во декември 2004, расправајќи за Буџетот за 2005 година, укажав дека годината која доаѓа е година во која бројот на невработените ќе доживее позначајно намалување. Би сакал да ве известам дека денес, бројот на невработените во Република Македонија е 365.197 лица и тој е за 29.000 лица помал од бројот на невработените од јануари оваа година. Едновремено, бројот на невработените денес е помал за 9.500 лица од денот кога оваа Влада ја презеде власта на 1 ноември 2002 година.

Ваквиот тренд го потврдуваат и податоците од Анкетата на работна сила, при што во третиот квартал од 2005 година, бројот на вработените лица е зголемен за 32.670 лица или за 6% на годишно ниво.

Врз основа на остварувањата и трендовите во последниве три години во наредната 2006 година се очекува продолжување на позитивните тенденции и остварување на реален раст на бруто домашниот производ од 4%, со што за период од 4 години (2003-2006 година), македонската економија ќе оствари вкупен реален раст од 15,5%. Само за споредба да истакнеме дека во периодот 1995-1998 година македонската економија имаше вкупен раст од 4,9%, а во периодот 1999-2000 година вкупно 5,0%, значи растот е триплициран. Проектираната стапка од 4% е реална и таа ќе биде остварена, со тоа на крајот од 2006 година Македонија ќе го надмине нивото на БДП од 1990 година и со тоа и на формален начин ќе го завршиме т.н. период на транзиција на економијата.

Имајќи го предвид големото учество во создавањето на вкупната додадена вредност, носители на растот и во 2006 година ќе бидат истите сектори, меѓу кои и индустријата со

проектиран раст од околу 5%, земјоделството со околу 3%, градежништвото со 4,5%, трговијата со 5.5%, транспортот и комуникација со 4,5%, и финансискиот сектор со 3%.

На полето на инфлацијата во 2006 година не се очекуваат поголеми промени, односно ќе продолжи политиката на одржување на ценовната стабилност на економијата преку постигнување на ниско и предвидливо ниво на инфлација. Согласно проекциите, просечната стапка на инфлација во 2006 година нема да го надмине нивото од 2%. Во текот на 2006 година, позначајни инфлаторни притисоци ќе бидат концентрирани пред се во енергетскиот сектор, како резултат на очекувано зголемување на цената на енергенсите, односно очекуваното зголемување на нивото на цената на светскиот пазар за дополнителни 10-15% во однос на декември 2005 година. Покрај ова, зголемување се очекува и кај тутунските преработки иницирано од растот на давачките на овие производи.

Во делот на надворешно-трговската размена и врз основа на проекциите за динамизирање на економската активност во 2006 година се очекува зголемување на извозот на стока кој се очекува реално да се зголеми за 10-12% додека истовремено, имајќи ја предвид високата традиционална увозна компонента и повисоката цена на нафтата, зголемувањето на страната на увозот ќе изнесува 8,8%.

Во рамките на тековната сметка, по исклучително ниското ниво во оваа година, во 2006 година се очекува благо зголемување на дефицитот на тековната сметка и негово позиционирање на нивото под 4% од БДП, главно како резултат на очекуваното мало зголемување на трговскиот дефицит, мал пораст на дефицитот кај услугите и доходот, како и одредено зголемување на приливите врз основа на приватните трансфери кон Република Македонија.

Почитувани пратеници, во годината која изминува Македонија на современ начин го воведе управувањето со сопствениот јавен долг, согласно европските стандарди. Продолжија тенденциите на намалување на јавниот долг и наспроти бројните тврдења во јавноста Македонија постојано го намалува вкупниот и поединечно домашниот и надворешниот јавен долг.

Би сакал да ве известам дека во овој момент јавниот долг на Македонија изнесува 41% од БДП и тој во споредба со 2002 година кога изнесуваше 46% е намален за цели 5 процентни поени. Во овој момент Македонија е на долната граница од средно задолжените земји, границата знаете дека е на ниво од 40% и во наредните три години ќе го намали јавниот долг на ниво од 35 до 38% од БДП со што ќе премине во категоријата на ниско задолжени држави. Веќе на крајот од 2006 година нивото на задолженоста ќе изнесува 39% од БДП при што надворешниот долг ќе изнесува 26% од БДП, а внатрешниот 13%. Како дел од политиката на управување со домашниот јавен долг приоритет во 2006 година ќе продолжи да биде развојот на пазарот на државни хартии од вредност преку зголемување на нивната рочност.

Согласно веќе изнесеното, уште еднаш би потенцирал дека економската политика на Владата и во наредната година ќе биде насочена кон забрзување на растот, кон натамошно одржување на макроекономската стабилност, кон растот на вработеноста, во таа насока и намалување на сиромаштијата и зголемување на меѓународната конкурентност на македонската економија.

Со оглед дека остварувањето на овие цели е во директна врска со интензитетот на економскиот раст, активностите ќе се базираат на политики кои, согласно емпириските резултати, покажуваат висока позитивна корелација со растот и тоа ќе бидат следните:

Одржување на ниска и стабилна инфлација; контрола на јавните расходи; висока отвореност на земјата; развој на човековиот фактор и водење на политика на урамнотежен регионален развој.

При тоа ќе се води сметка овие политики да не ја влошуваат дистрибуцијата на доходот во Република Македонија, со што ќе се овозможи сите слоеви од населението да ги почуствуваат користите од економскиот раст, кој е очигледен.

Во годинава која изминува успеавме да склучиме и до оваа фаза од реализацијата целосно да реализираме два нови трогодишни аранжмани со ММФ и Светската банка. Тоа се случува за прв пат во историјата на Македонија. Наредната година влегуваме со склучени аранжмани, двата се среднорочни и кои се на добар пат да бидат успешно завршени до крајот.

Аранжманот со ММФ после повлекувањето на првата транша во септември оваа година веќе е трансформиран во предпазлив stand by аранжман и врз основа на него повеќе нема да повлекуваме дополнителни средства од Меѓународниот монетарен фонд заради фактот дека на Македонија тие средства веќе не и се потребни за платниот биланс. Ова воедно е и последниот аранжман кој ќе го имаме со ММФ, а понатаму соработката со оваа институција ќе ја продолжиме врз основа на обврските од нашето членство во ММФ како и сите други држави.

После завршувањето на сегашниот трогодишен ПДПЛ аранжман со Светската банка, нашата соработка и со оваа институција во иднина ќе продолжи на база на соработка на инвестициски проекти, но не и за платно билансна подршка. Ова е крупен и сериозен чекор во македонската макроекономска политика.

Почитувани пратеници, вака дефинираните политики, креирани и во функција на остварување на стратешките приоритети, односно забрзување на интеграциите во Европската унија и НАТО, како и проектираните макроекономски индикатори се основа за

проекциите на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Оваа година со еднинствена цел за поголема транспарентност и консолидирано прикажување на јавните приходи и расходи за 2006 година и понатаму продолжуваме со унапредување на начинот на презентирање на Буџетот на Република Македонија заснован на одредбите од новиот Закон за Буџети и усогласен со стандардите за буџетирање, прифатени во земјите членки на Европската унија. Не случајно во мислењето авито на Европската унија беше јасно потенцирано во делот на економската, макроекономската, монетарната и буџетската политика дека сме усогласени на високо ниво.

Согласно ова, би сакал да ја разјаснам дилемата која во последно време е мошне актуелна во јавноста и во средствата за јавно информирање, укажувајќи дека предложениот буџет за оваа година го презентира т.н. Општ Буџет на Република Македонија кој ги инкопорира централниот буџет и буџетите на вонбуџетските фондови, а во оваа смисла Централниот буџет ги опфаќа основниот буџет, буџетот на самофинансирачките активности на буџетските корисници како и буџетите на заемите од странство, како и буџетите од донациите. Досега, во изминатиот период во Парламентот беше сепаратно презентиран Централниот буџет од Буџетите на вон буџетските фондови, а во почетниот дел каде се утврдуваат изворните приходи и нивото на дефицитот беа опфатени само средствата од основниот буџет. Сега, тоа е консолидиран од тука секое компарирање со претходните години може да е издржано само доколку се заснова на правилни анализи и користење на воедначена и споредлива база на податоци. Тоа се базира на реформите кои ги спроведуваме во буџетската политика.

Гледано содржински владините програми ги презентираат среднорочните приоритети на Македонија и на Владата, додека буџетските програми ги презентираат приоритетите на буџетските корисници, кои органите на државната управа ги операционализираат согласно со надлежностите, а на кој начин ќе се овозможи и оценување на резултатите преку индикаторите за нивната успешност во текот на фискалната година, исто така дополнителна реформа.

Фискалната политика дизајнирана преку буџетот на Република Македонија за 2006 година е соодветна на поставените макроекономските цели, односно таа е фокусирана на следното

1. Финансирање на реформските активности, спроведување на Уставните промени како и на процесот на интеграција на Европска унија и со НАТО.

2. Финансирање на редовните функции на државата и редовна отплата на долговите на државата.

3. Финансирање и кофинансирање на развојни инвестициони проекти.

4. Фискална консолидација на среден рок и

5 поттикнување на претприемништвото, инвестирањето и подобрување бизнис климата во Република Македонија.

Фискалната политика за 2006 година ќе се реализира во рамки на вкупно планираните приходи од 104 милијарди 874 милиони денари од кои при непроменета даночна политика ќе се финансираат од оценетите приходи на ниво од 103 милијарди и 167 милиони денари. Вака детерминираното ниво на дефицитот на буџетот во Република Македонија во висина од 1 милијарда и 707 милиони денари, односно 0,6% од планираниот бруто домашен производ, во себе го вклучува дефицитот на Централниот буџет кој изнесува една милијарда 0 26 милиони денари или 0,36% од планираниот бруто домашен производ и дефицитот на Фондот за магистрални и регионални патишта планиран во износ од 661 милион денари, односно 0,24% од планираниот бруто домашен производ.

Сепак, имајќи предвид дека Централниот буџет предизвикува посебен интерес кај пратениците и кај јавноста, подетално би се осврнал на овој дел од Буџетот на Република Македонија .

Во рамки на вкупните приходи на централниот буџет планирани на ниво од 69 милијарди 426 милиони денари доминантно учество имаат традиционално изворните приходи на Република Македонија кои се застапени со 97%.

Проекцијата на изворните приходи на Централниот буџет за наредната година се базира на: даночната политика која опфаќа мерки за зголемување на приходите преку поефикасна наплата на даноците, изменување и дополнување на даночната легислатива, како и веќе усвоените зголемувања на даночните стапки кај одделни видови даноци кои ќе предизвикаат позитивни фискални импликации на среднорочен период. Понатаму, очекуваните намалувања на неданочните приходи, како резултат на планирана приватизација на учество на државата во капиталот на АД Македонски телекомуникации, и извесните намалувања на приходите кои буџетските корисници ги остваруваа од сопствените извори, како резултат на фискалната децентрализација и опфаќањето на овие приходи во буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Поставувањето на даночната политика во насока на хармонизирање на легислативата со современите даночни системи на развиените економии во Европа како изголемување на даночните приходи ќе продолжи како императив и во 2006 година. Ваквата политика особено ќе биде изразена преку примена на новиот Закон за даночни постапки и новиот Закон за Управата за јавни приходи кој предвидува организациони промени кои ќе се рефлектираат во правата и одговорностите на даночната администрација, како и развивање на нов комплјутерски систем кој ќе овозможи сеопфатна идентификација и регистрација на даночните обврзници, детекција на непријавените даноци и наплата на

заостанатите даноци. Во насока на зголемување на приходите, како и одкривање и сузбивање на даночните затајувања и нелегалниот увоз, се предвидува и натамошна соработка меѓу Управата за јавни приходи, финансиската полиција и Царинската управа.

Од аспект на даночните стапки, даночната политика во 2006 година предвидува поместување само на акцизните стапки кај цигарите во висина од 10% од вкупниот износ на акцизата што со закон е утврдено од поодамна, како и воведување на надоместоци кои ќе ги плаќаат правни и физички лица кои имаат, или користат извори кои ја загадуваат животната средина врз основа на законот донесен во јули о.г., исто така и врз основа на воведување на надоместокот при примет и увоз на тутунски производи кој ќе се користи за финансирање на потребите на јавното здравство во Македонија, Закон кој го донесовме на минатата седница.

Либерализацијата на увозот во Република Македонија ќе продолжи и во 2006 и тоа е однапред јасно иницирано од обврските превземени со Договорот за влез во СТО и врз основа на пропишаната царинска заштита, односно непондерираната царинска стапка која за сите стоки ќе се намали за околу 7,6% во однос на 2005 година, а кај индустриските производи за 9,35%, што се разбира ќе има свои негативни фискални импликации кај царинските приходи, но тоа е пресметано. Ваквиот тренд ќе биде дополнет и со ефектите од пристапувањето на Македонија кон Централно-Европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) во текот на 2006 година, постапка која е веќе при крај.

Голем дел од активностите на планираната значајна реформа за интеграција на наплатата на персоналниот данок на доход и социјалните придонеси во една институција во Управата за јавни приходи ќе се реализираат во текот на 2006 година. При тоа, ќе биде формирана канцеларија за големи даночни обврзници и канцелариј за големи обврзници за плаќање на придонеси, ќе биде унифицирана основицата за плаќање на персоналниот данок како и за придонесите од плата и ќе се утврди компатибилноста на ИТ системот на управата за јавни прихдои и ПИОМ каде што ќе се концентрираат во првата фаза придонесите.

Во контекст на приближувањето на диркетното одданочување со регулативата на Европска унија на полето на превенција на даночна евазија и елиминирање на двојно одданочување ќе продолжат активностите за континуирано проширување на мрежата на Договори за одбегнување на двојното одданочување на Република Македонија.

Сите овие активности во 2006 година ќе овозможат реализација на даночните приходи во висина од 57 милијарди и 17 милиони денари, што претставува зголемување од 6,4% во однос на оваа 2005 година. Растот на даночните приходи во основа ќе се должи на зголемување на економската активност, односно растот, на подобрување на економските перформанси, на закрепнувањето на даночните бази и зголемување на приходите кај речиси сите видови на даноци, со исклучок на царинските давачки заради дополнителната либералилзација. Во структурата на даночните приходи најголемом учество и понатаму ќе имаат индиректните даноци наспроти директните и тоа со околу 70%.

Пред подетално разгледување, колку е тоа можно во оваа прилика, на расходната страна на Централниот буџет, би ја истакнал сеуште неповолната структура на расходите, имајќи предвид дека околу 85% од истите имаат таканаречен недискреционен карактер, односно резултираат како обврски од веќе донесени законски решенија и тоа во најголем дел од социјалната сфера, како и меѓународните обврски во делот на јавниот долг на Република Македонија. На ваков начин сеуште има простор за зголемување на расходите за новите политики и капиталните расходи, доколку Владата и Собранието имаат поцврст однос кон реформите.

Имено, активностите на органите на државната управа во 2006 година ќе се реализираат во рамки на планираните расходи во износ од 70.452 милиони денари, што во суштина значи финансирање на јасно поставени приоритетни програми и рационално и ефикасно искористување на буџетските средства.

При проекцијата на расходите за наредната година земени се предвид и следниве елементи:

- ефектите од целосното имплементирање на декомпресијата на платите на државните службеници, која ќе заврши во мај 2006 година и спроведената декомпресија на избраните и именуваните лица, професионализација дополнителна на безбедносните структури во Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, континуитет на принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, натамошна ригорозна контрола на новите вработувања, ефектот од утврдување на системот на плати за вработените во образованието, културата, социјалната и детската заштита, согласно динамиката на потпишувањето на колективните договори и утврдените коефициенти. Дозволете да го информирам Парламентот дека Владата постигна согласност со Синдикатот, зголемувањето на вработените во образованието, културата и социјалната заштита да се одвива по принципот на декомпресијата на платите кај државните службеници, за 12% во наредните 24 месеци почнувајќи со почетокот на 2006 година.

Дозволете да ве информирам дека во текот на оваа година, 2005, дојде до натамошно намалување на бројот на вработените во буџетските институции. Имено, во јануари 2005 година вкупно беа вработени 70.812 лица, а на 1 декември 2005 година 70.193, односно 619 лица

помалку веќе трета година по ред. Овој тренд ќе продолжи и во наредната година. Притоа, бројот на вработените од заедниците согласно уставниот принцип е зголемен и во овој момент вкупно изнесува 21% од вкупно вработените кај буџетските корисници.

Друг елемент кој ќе влијае на вкупната потрошувачка е неопходното ниво на материјалните трошоци, што се разбира е за нормално извршување на функциите на органите на државната власт и редовно и навремено одржување на редовните парламентарни избори во наредната година.

Понатаму, потребата од зајакнување на развојната компонента на Централниот буџет презентирана преку зголеменото финансирање на капитални инвестициони и инфраструктурни проекти и финансирање на идни развојни владини политики и обезбедување на трансфери во социјалните фондови за редовна и навремена исплата на нивните законски обврски по основ на пензиско инвалидско осигурување, невработеност и социјални права, како и имплементација на реформската опција од воведувањето на повеќеслојниот пензиски систем. Фискалните притисоци по Буџетот на Република Македонија ќе започнат со самото воведување на вториот пензиски столб, кои согласно со долгорочната проекција на транзиционите трошоци се оценети на ниво на 800 милиони денари за 2006 година и тие се целосно покриени од Буџетот.

Воедно тука би напоменал дека дополнителен ефект од зголемување на трансферот до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување предизвика и продолжувањето на поранешните услови за пензионирање во наредните две години, кое решение пратениците го донесоа и покрај значајниот фискален ефект по Буџетот.

Капиталните расходи на општиот владин буџет за 2006 година се планирани во износ од 11.514 милиони денари, при што најзначаен дел од средствата е наменет за реализација на инфраструктурните проекти. Да ги наведам најзначајните капитални расходи кои се однесуваат на инвестиции во патната инфраструктура, преку финансирање на програмските активности на Фондот за патишта, инвестиции во областа на водостопанските хидросистеми, капиталните трансфери до единиците на локалната самоуправа за изградба на инфраструктурни капитални проекти од нивно значење, редовно и инвестициско одржување на железничката инфраструктура, како и набавки и реконструкции на дипломатско конзуларните претставништва.

Имено, структурно набљудувано капиталните расходи учествуваат со 11% во вкупните расходи за 2006 година, односно 4% од планираниот бруто домашен производ само во општиот владин буџет.

Во 206 година во Македонија ќе продолжат активностите за зајакнување на контрола на јавните расходи и целосно усогласување со законската регулатива од областа на финансиската контрола со онаа на Европската унија.

За таа цел, веќе до средината на 2006 година ќе биде предложен за донесување Закон за јавна внатрешна финансиска контрола, кој ќе обезбеди зајакнување на системите на финансиско управување и финансиска контрола и извршување на активностите на транспарентен, економичен и ефикасен начин во јавниот сектор.

Процесот на управувањето со јавните финансии дополнително ќе го зајакнеме со планирани неколку измени и дополнувања на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со кои ќе се регулира сертифицирањето на внатрешните ревизори, ќе се обезбедат дополнителни механизми за независност на внатрешните ревизори и дополнителни усогласувања со стандардите и најдобрите практики на Европската унија.

Планираниот дефицит на Централниот буџет од 1026 милиони денари е за 715 милиони денари помалку во однос на дефицитот од оваа 2005 година, но ваквото намалување на дефицитот не претставува намалување на јавните расходи, имајќи предвид дека во 2005 година се издвоија средства од Буџетот за покривање на загубата на Народна банка на Република Македонија, која се надеваме дека нема да постои во 2006 година.

Финансирачката страна на Буџетот, која сакам да потенцирам дека не претставува извор за финансирање на редовните расходи на Буџетот, што често се прави методолошка грешка дури и во комисиските расправи, воглавно е структуирана од домашни извори, односно преку емисии на домашни обврзници и од планираните приватизации на резидуалните акции во АД Македонски Телекомуникации, минималниот остаток од учеството на државата во капиталот на банкарскиот сектор и приватизацијата на АД ЕСМ за дистрибуција на електрична енергија. Домашното финансирање ќе биде поддржано со емисија на државни хартии од вредност во нето износ од 3 илјади милиони денари. Постепениот развој на пазарот на капитал во Македонија ја потврдува досегашната определба за емисија на хартии од вредност за краткорочна фискална ликвидност, при што во 2006 година се планира нова емисија на долгорочни хартии од вредност со рок на доспевање од 3 години, која воедно ќе биде поддршка и на реформата на пензискиот систем, односно понуда на инструмент за инвестирање на средствата од капиталните пензиски фондови.

Со буџетот на централната власт за 2006 година е планирана и поддршка од 3009 милиони денари и тоа од Светска банка, врз основа на ПДПЛ 2 аранжманот во износ од 1352 милиони денари, средства од Европската банка за обнова и развој во процесот на претприватизација на ЕСМ-дистрибуција во висина од 690 милиони денари, како и задолжување на буџетските корисници во

износ од 967 милиони денари наменети за капитални проекти. Сакам да потенцирам дека овие средства нема да значат ново задолжување за земјата, бидејќи од платите на веќе постојниот јавен долг на Буџетот се предвидени на повисоко ниво од тоа.

При планирање на задолжувањето земени се во предвид долгиот рок на отплата и степенот на надворешна задолженост на Република Македонија, за која веќе зборував.

Покрај спроведувањето на планираната фискална политика, за која зборувавме во 2006 година, Министерството за финансии како и секогаш ќе продолжи со редовно и навремено сервисирање на обврските кои ги има Република Македонија и во земјата и во странство.

Во насока на подршка на стабилноста на денарот и курсот на денарот во однос на еврото од страна на фискалнат аполитика во 2006 година планирано е зголемување на депозитите на Република Македонија во Народната банка на Република Македонија во износ од 6.445 милиони денари.

Почитувани пратеници,

Имајќи го предвид кандидатскито статус кој Македонија кој веќе го има на патот кон членството во Европската унија би сакал да ве информирам за статусот со задоволувањето на критериумите од Мастришкиот Договор, а кој се однесуваат на Европската монетарна унија. Иако исполнувањето на тие критериуми ќе биде важно дури поприемот на Европската унија и на патот кон воведувањето на еврото како национална валута и во Република Македонија уверен сум дека никогаш не е рано да се постигнат тие критериуми. Од најважните 4 од нив, според Мастрешкиот критериум Република Македонија веќе исполнува 3 и тоа: нивото на инфлацијата, кое согласно критериумите не смее да го надмине просекот на најниските три стапки на инфлација на државите членки во Европската унија зголемено за 1,5 процентни поени.

Второ дефицитот на јавниот сектор кој не смее да надминув аповеќе од 3% од бруто домашниот производ идолгот на јавниот сектор кој не смее да надминува 60% од бруто домашниот производ.

Овие три критериуми веќе се исполнети. Во иднина ќе ни претстои сериозна и исклучително тешка задача да го исполниме и четвртиот главен критериум, а тоа е просечните долгорочни номинални каматни стапки да не ги надминуваат соодветните каматни стапки на трите држави со најниска инфлација во Европската униај за повеќе од 2 процентни поени. За овој критериум ќе биде потребна долгорочна и цврска фисклана и монетарна политика и стапки на раст кои ќе овозможуваат континуиран и растечки извоз што значително и трајно ќе ги подобри дефицитите на трговскиот биланс и на тековната сметка на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

На крајот би сакал да потенцирам, меѓутоа нема да елаборирам дека со Буџетот се обезбедуваат средства за непречено продолжување на децентрализацијата согласно законите во Република Македонија, како и буџетска подршка на бројните структурни реформи за кои секојдневно се зборува во овој Парламент. Тие ќе бидат значаен поттик за натамошниот развој на Република Македонија.

Со ова почитувани пратеници Ве повикувам да го донесете Буџетот на Република Македонија за 2006 година. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, почитуван минситер на уводното излагање по Буџетот.

Повелете господине Краљевски процедурално.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе.

Вообичаено после експозето на минситерот за финансии во вакви прилики кога се работи за Буџетот на државата се бара пауза за да пратениците успеат да го изанализираат Експозето на министерот, па со оглед на тоа што беше подолготрајно излагањето на минситерот би било потребно најмалку еден час за анализа откако ќе ни се подели стенограмот. Тоа значи ако се спои практично паузата за ручек,некаде во 15,30 или 16, 00 часот ќе продолжиме.

**Слободан Најдовски:** Господине Краљевски.

Согласно Деловникот имате право на еден час пауза и ќе ја споиме паузата, така да ќе имаме пауза до 15,00 часот.

**Чедомир Краљевски:** Ама, паузата за ручек се прекинува. Треба минимум половина час додека се подели стенограмот.

**Слободан Најдовски:** Два часа е доволно. Согласно Деловникот пратеничката група која бара пауза може да добие најмногу еден час.

Продолжуваме со работа во 15 часот.

(Пауза од 12,55 часот).

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата и претставникот на Владата исто така.

Господине Ѓорчев имате збор.

Повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, господине министре и други претставници на Владата на Република Македонија.

Јас на почетокот ќе се осврнам на начинот на кој што во воведните страници за објаснувањето на кој начин е изработен овој Буџет и неговата усогласеност со стандрадите на еден модерен Буџет на една европска земја. Најнапред, во тие воведни страници укажувам дека овој Предлог Буџет на Република Македонија за 2006 година е изготвен во соработка со останатите владини ресори, кои до Министерството за финансии доставиле соодветни стратешки планови од кои што Министерството за финансии ги изготвило контурите, а во овој случај и конкретните

програми и политики од кои што се дефинираат конкретни ресорни потреби на сите министерства во Владата на Република Македонија и други буџетски корисници.

Меѓутоа, зад овие, би рекол само навидум, пристојно склопени реченици, сувопарни реченици, се крие една апсолутна противречност на тоа што овој Буџет се смета дека е и неговата реална содржина односно она што ќе биде ефект кај граѓаните на Република Македонија, затоа што не треба да заборавиме дека вистински креатори на Буџетот на Република Македонија и носители односно оние кои што ги даваат приходите во Буџетот на Република Македонија, тоа се сепак граѓаните на Република Македонија. А, за нив никогаш не станува збор, секогаш се гледа таа димензија на, би рекол, финансискиот аспект на македонското општество и ова продолжува 4-та година по ред. Токму заради тоа не може овој Буџет односно Предлог Буџет за 2006 година да биде модерен Буџет, затоа што модерните буџети во ЕУ, а тоа се уверивме пред малку, пред неколку дена кога се дебатираше за Буџетот на ЕУ 2007-2013 година се се друго само неконсолидиран финансиски биланс на јавни приходи и јавни расходи односно она што претставува државна потрошувачка.

Во тој контекст Буџетот и неговата фискална димензија е само дел од она што претставува макроекономскиот амбиент и во тој макроекономски амбиент ниту може, ниту треба буџетот да биде нешто посебно, нешто независно, некоја независна категорија која што ќе биде издвоена од она што претставува наша реална стварност. Затоа што, Буџетот, пред се, треба да биде одраз на потребите, проблемите и барањата на граѓаните на Република Македонија кон државниот апарат претставен преку институциите на системот, кои што пак, во зависност од тоа како ги распределуваат товарите на даноците, акцизите, таксите ќе бидат праведни и доследни на она што претставува рамномерно распределен товар на даночните обврски или пак нема да бидат праведни и доследни, туку пак повторно ќе се грижат само за една димензија од македонското општество, а тоа се финансиите. Значи, навремено,точно, и прецизно собрани јавни приходи, тужени, тие кои не уплатуваат, навремено распределени или пак во случајот имаме неколку години по ред ненавремено распределени јавни расходи. Затоа, имаме суфицит во Буџетот во 2003 година - 500-тини милиони, па потоа кажуваме дека не сме ги потрошиле, сме ги заштедиле. Потоа, милијарда и 100 милиони исто така заштедени средства во 2004 година и на таков начин ние перманентно, дури ни тоа што го имаме како проектиран јавен расход во проектиран буџетски дефицит не успеваме да го потрошиме и за тоа никој не дава отчет зошто тоа не го правиме, дали за тоа се виновни законските одредби на Законот за јавни набавки и некои други законски одредби како што се многу битни за Министерството оваа година за земјоделство и Министерството за транспорт и врски да не ги потрошат дури ни предвидените пари од она што беше предвидено со проекцијата за Буџетот и ребалансот на Буџетот.

Оттука, во сите тие прашања, кога е во прашање Буџетот на Република Македонија се пренебрегнува главната компонента, која што мислам јас како претставник во овој парламентарен дом, сум должен да ја застапувам, а тоа е граѓанската компонента, интересите, потребите и проблемите, како и барањата на граѓаните на Република Македонија.

Во сите тие досегашни анкети за тие потреби, барања, интереси и проблеми на граѓаните на Република Македонија, две работи се клучни, а третата произлегува од тоа, а тоа е дека над 70% од анкетираните во сите анкети, дали се работи за УНДП, дали за Институтот за социолошки и правни истражувања, дали за Институтот за демократско општество кое што дава свое видување, суштествуваат две основни потреби на граѓаните. Прво, тоа е борбат против сиромаштијата, која што според УНДП, не според мене, опфаќа 30% од македонското граѓанство. Второ, тоа е невработеноста, која што и покрај тоа што, ќе се осврнам на податоците кои ги изнесе почитуваниот господин миниситер, не само што не задоволува, туку едноставно не може да добие преодна оценка по ниеден основ и од аспект на тоа што и овој Буџет вака како што е предложен не се грижи за некои драстични аспекти на зголемувањето на вработеноста во Република Македонија, туку едноставно тоа го остава на силата и делувањето на пазарните законитости, како што популарно веќе три години тафтолошки ја крстивме македонската економија дека е пазарна економија и дека државата тука многу не треба да се меша, освен во оној дел кој што е државен интерес. Тогаш, државата реагира правовремено, точно, прецизно и тужбено.

Во тој контекст со Предлог-Буџетот ни се претставува за 2006 година исклучиво финансиска реалност, која што не можеме да ја оспориме дека е таква, затоа што веројатно Буџетот кој што е од Министерството за финансии и повикани се за тоа неспорно си ја знаат својата работа, но таа финансиска реалност не може да ја конвертира преку бројките и макроекономските показатели 4-та година по ред нашата економска состојба, која што со брзина на полжав, почнувајќи од 1991 година до 2006 година целокупното македонско граѓанство ќе го достигнеме бруто општествениот производ од 1990 година. Значи, ни требаше 15 години да разбереме дека ни немаме погрешен модел, немаме погрешна концепција, ништо не е важно кај нас во државата, важно е дека сега ние разбираме дека 2006 година, педантно запишав, дека ние ќе го достигнеме нивото на бруто општествен производ каков што го имавме како држава во 1990 година. Е, тука некој мора да биде виновен. Дали е виновен моделот на рестрективно монетарна политика со експанзивна фискална политика, за која ќе говорам, или е битно граѓанството на Република Македонија,

одговорот го добиваме низ она што претставува политичка верификација на тие модели кои по 4 години се практикуваат и на крај граѓаните кажуваат дали е тоа така или не е така. Потоа, дали успеале тие што промовираат таков модел да ја стекнат довербата кај граѓанството или не успеале да ја стекнат довербата кај граѓанството, а многу битно е дека тука државата изворно, бидејќи тука се претставува државниот интерес, државната потрошувачка, државните приходи, се претставува во нејзиното вистинско светло, во нејзината вистинска улога, а тоа е повторно ќе кажам, грижа за барањата, потребите, интересите и проблемите на граѓаните. Значи, битно е дека во таа успешна економска приказна, која што сака да се прикаже тука во македонскиот парламент, не само сега, туку таа се прикажува уште во 1994 година, после првите преговори кога тргнавме во преговори со одредени меѓународни финансиски институции, за еден модел кој што почива врз бројки, проценти и макроекономски показатели. Тие макроекономски показатели може да имаат две димензии. Едната димензија да се прикажат вака, ако се каже за една страна, за секоја страна има и наличје и во таа насока секој медал има и друга страна. Така што, говорењето за некој стабилен стопански раст во Република Македонија и тоа во 2003 година - 3,2%, во 2004 година - 2,9%, а сега се очекува 3,8% до 4% во 2005 година, а се проектира 4% во 2006 година, сепак, има една работа која што тука треба да се каже. Зошто досега во ниту една во овие 3 години проектираниот стопански раст од 4% не беше достигнат. Што е тоа што ние не можеме тоа што го предвидуваме да го постигнеме, зошто остануваме на 0,8% во 2003 година, зошто отстапуваме 1,1% во 2004 година, зошто и сега ќе видиме на крајот каков ќе биде резултатот на бруто општествениот раст и тука нема одговор на тоа, туку се говори дека имаме стабилен, но морам тука да кажам дека и недоволен стопански раст. Токму затоа и не сме го достигнале нивото од 1990 година. Токму затоа говориме за брзина на полжав со која што македонската економија се преструктуира. За нас се битни само две формулации кои тука ги кажа господинот министер, а тоа се квалитетот на институциите и реформските зафати. Тука никаде ги нема граѓаните. Во тој квалитет на институции кои што 15 години ги реформираме, ги подобруваме, квалитетно ги оспособуваме и ги реформираме, граѓаните ги нема. Граѓаните се на другата страна и на страната на сиромашните, на страната на безработните. И тоа, не само декларативно, туку со бројки.

Во таа насока, исто така, вториот макроекономски податок е трговскиот дефицит. Убаво е тоа дека тој се движи под 20% од бруто општествениот производ, а треба да се каже дека тој очекуван раст од 31% до 2005 година и очекуван раст до 2005 од 21% на увозот, пак ќе направи трговски дефицит близу една милијарда долари. Ние во 2003 година имавме 960 милиони долари трговски дефицит - негативно салдо. Во 2004 година милијарда 210 милиони долари негативно салдо. Сега, повторно имаме негативно салдо и ќе имаме од околу милијарда долари, дали ќе биде 950 милиони долари или 930, но ќе биде негативно салдо. И, ние со тоа се помируваме и со тоа докажуваме дека за нас трговскиот дефицит е нешто нормално и дека Република Македонија која што е мала, витална и отворена економија во размената со светот е предодредена секогаш да почива само на трудот од нашата извезена работна сила, која што уплатува секоја година во Република Македонија 750 до 800-тини милиони евра преку девизни дознаки, преку трансфери, па на таков начин ние си го покриваме македонскиот трговски дефицит и ја балансираме сметката на плаќање во билансот на плаќањето во тековната сметка да биде на дозволено ниво.

Но, внимавајте, господа пратеници, не е судбина на Македонија да има негативен трговски дефицит. Не е концепцијата на тоа ако имаме негативен трговски дефицит да се гордееме дека го одржуваме на ниво од 20% од бруто општествениот производ. Во Република Македонија носечка работа треба да биде извозната активност, затоа што во Република Македонија сите носечки извозни гранки се трудово интензивни. Тоа е челикот, тоа е металургијата, во целост неметалите, тоа е текстилот, тоа е земјоделството. За секоја единица или килограм извезена стока, се отвора ново работно место. А, ние кажуваме дека со тоа што имаме сега близу една милијарда долари, ќе имаме на крајот негативно салдо во трговскиот биланс дека тоа е нешто нормално и дека ние имаме добар макроекономски показател од 19,5% од бруто општествениот производ и тоа ние го контролираме. Повторно ќе кажам благодарение на тие што сега времено во Италија, во Грција, одат работат , затоа што немаат работа во Македонија и заради тоа притисокот е намален на невработеноста, илјадници Македонци од Блатец, од Конопиште, од Кавадарци одат во Грција, работат во Грција на Крит, работат во Италија, градат, кројат, берат и на таков начин ние успеваме да го сервисираме тој наш тежок, би рекол, трговски дефицит, за кој што немаме решение, економско решение. Зошто Република Македонија не може да го зголеми својот извоз, а да направи супституција на увозот што ќе значи постепено, барем по стотина милиони долари да го намалуваме за овие 12 години реформи во Република Македонија, да стигневме на една нормална, би рекол за големината на македонската држава, дефицит од 200 до 300 милиони евра, а не ние да имаме дефицит, простете мислам на долари, затоа што во долари се изразував, да имаме дефицит секогаш близу една милијарда долари. Така што, и овој макроекономски показател има своја друга страна, исто како што има друга страна и билансот на тековната сметка, негативно салдо на тековна сметка во билансот за плаќање токму заради тие трансфери. Што ќе биде ако македонските граѓани кои работат и живеат во

Швајцарија, Италија, Австрија, Германија, не ги платат тие близу 800 милиони евра девизни дознаки до своите семејства како поддршка за нивниот опстанок во Република Македонија. Тогаш, навистина ќе се соочиме со една драматична ситуација и ние фактички почиваме на извозот на македонскиот ефтин труд, на македонецот работник кој што работел во светот и кој што ги плаќа своите, би рекол, традиционални обврски од македонското патријархално семејство. Така и таа негативна сметка повторно се проектира од 2,9% до крајот на 2005 година како од бруто општествениот производ, а во 2006 година се предвидува дури 4%, а тоа е некаде околу 180 милиони евра, што ќе каже дека тоа нема да биде мало негативно салдо во 2006 година и тоа исто така не може да биде задоволителна макроекономска проекција во Буџетот на Република Македонија.

Исто така, се зборува за нивото на девизни резерви. Тука се таксативно наброени дека се милијарда и 96 милиони американски долари и не се говори колкав е надворешниот долг. Минатата година надворешниот долг беше проектирано дека е под 40%, а оваа година се прикажува само 41%, што доволно се сомневам дека е над две милијарди американски долари. Но, кога веќе се кажува за девизните резерви би било упатно да се каже во апсолсутен износ колкав е долгот на Република Македонија кон странство како надворешен долг и дали е тој 2 милијарди и 28 милиони долари или 2 милијарди и 58 милиони долари, меѓутоа, факт е дека има зголемување во однос на процентот од бруто општествениот производ. Па, дури и кога се зборува со проценти, овде не е точно, имаме зголемување како на девизните резерви, така и на надворешниот долг на Република Македонија. Ние се задолжуваме, почитувани господа пратеници. Во 1993 година Република Македонија имаше долг кон странство после балансирањето со македонскиот денар една милијарда и 100 милиони долари. Во 2005 година Република Македонија има над 2 милијарди американски долари надворешен долг. Значи, сме ја задолжиле татковината со над 900-тини милиони долари, а јас не гледам што ние направивме во Република Македонија, која е таа инвестиција, кои се тие инфраструктурни зафати големи и која е таа фабрика од типот на "Металски завод Тито", од типот на "Охис", од типот на "Железара" или од типот "Тиквеш Кавадарци". Значи, големи инвестиции во големи капацитети кои вработуваат голем број на луѓе 5,10 или 15 илјади луѓе дали по принцип на оперативна соработка или по принцип на она што значи голем систем, ние тоа не успеавме за овие 12 години од 1993 година да најдеме одговор зошто кај нас нема инвестиции во тој дел, а се задолжуваме на парче, градиме помалку, кажуваме дека развиваме мали и средни претрпијатија, ама одиме со брзина на полжав. Повторно ќе кажам дека јас се сомневам дека во 2006 година ќе го достигнеме, тоа е мојот личен сомнеж, нивото на бруто општествениот производ што го имавме во 1990 година. Но, тоа е моја дилема.

На крајот, во тој дел за невработеноста. Се евидентираат дека се невработени со септември 2005 година - 366 илјади 879 лица и со тоа бројот на невработените се намалил за 22 илјади лица или за 5,6%. Господинот минстер кажа некои други бројки, но сигурно тој има понови податоци, а ова е како што беше во извештајот кажано. Повторно тука има задоволство, а не треба да има задоволство, затоа што по тоа што ги издвојуваме во Буџетот за поттикнување на вработеноста и од тоа што министерот за труд и социјална политика презема мерки да ги брише луѓето од евиденција, оние кои што се според Министерството за труд и социјална политика нелегитимно таму, тука излегува најголемиот успех на новото вработување, затоа што беа избришани од евиденција огромен број на корисници од социјална помош, сигурно оправдано, јас за тоа не говорам, меѓутоа, говорам дека објективно ние со невработеноста не се справуваме. Ако го погледнеме бројот на невработени во Република Македонија колкав бил во 1990 година, во 1995 година, 2005 година, репер на тие 5 години, ќе видите дека немаме право и чувство на себедоволност, на задоволство дека ние се справуваме со невработеноста. Тоа е огромна бројка. Ние објективно со ваквиот модел на експанзивна фискална политика која што води грижа за она што претставува квалитет на институциите и реформските зафати, не водејќи грижа за граѓаните, не можеме да го разрешиме најакутниот проблем, затоа што премногу малку даваме ние за поттикнување на нови вработувања.

Реалните проблеми на оние стечајци во Штип што протестираа пред општинската зграда, реалните проблеми на 30% сиромашни граѓани во Република Македонија, реалните проблеми на овие 366 879 лица невработени. Реалните проблеми на вработените над 100 илјади кои што примаат плата со доцнење 3, 6 месеци, кои што примаат плата недостојна од 9 до 10 илјади и реалните проблеми на вработените во јавната администрација кои што исто така имаат проблеми со висината на личниот доход и одржливоста на простата репродукција на тие семејства кои што работат таму, а не само тоа што претставува макроекономски индикатор по бројки, по проценти, добро стоиме. Меѓутоа, не стоиме во реалниот живот затоа што 70% од анкетираните велат ние сме сиромашни и најголем проблем е невработеноста во Република Македонија. А ние упорно одиме во спротивна насока. Ние одиме прво производството и институциите, ќе ги реформираме ќе направиме структурни реформи, ќе отпуштиме уште две илјади од железница и ќе отпуштиме уште 1000 од македонските водостопански претпријатија, социјалните трансфери ќе бидат 36 милијарди, со тоа признаваме дека ние имаме проблеми со

сиромаштијата, а од друга страна со моделот за буџетската политика немаме директна поддршка на она што претставува би рекол, капитални расходи за инвестиции и поддршка на државата, или пак во делот на субвенции и трансфери. Едвај тие се некаде, помалку се заедно капиталните расходи и субвенции и трансфери, помалку се од 14,2 милијарди. Значи, недоволно ние да можеме преку експанзивна афирмација на јавната потрошувачка да направиме некој исчекор во делот на вработувањето на сиромаштијата. Зошто велам дека овој буџет нема да биде модерен? Затоа што тој пропагира една статична рамнотежна година, статична би рекол пресметка, односно статичен рамнотежен годишен буџет. Тие тези статичен рамнотежен годишен буџет во модерните европски држави одамна се напуштени. Ниту една модерна европска држава, зборувам за најголемите, а тоа се Франција и Германија, не прават таков буџет. Тоа ќе го кажам со аргументи. Тие пропагираат динамична, циклична урамнотеженост, бидејќи се капиталистички земји, тие го почитуваат цикличниот карактер на капиталистичкото општество и одат така. Кога имаат криза, кога имаата рецесија одат со буџетски дефицит. Кога имаат полет, обнова и просперитет, одат со буџетски суфицит. И тоа го рамнат во циклични периоди. Тоа е модерен буџет. Токму затоа оваа година и Германија и Франција и Италија си проектираат буџетски дефицити над 3% од бруто општествениот производ, не за друго, затоа што немаат нафта, затоа што оваа година беше страшен ударот од нафтената криза, за да можаат во такви услови кога опаѓа моќта на таа француска, германска економија, да можат преку поттикнување на јавни взаеми, јавни работи, државни инвестиции да ја одржат потрошувачката на оптимално ниво. И таму во таа динамичка циклична урамнотеженост, битни се две економски големини, што ние никогаш не ги гледаме тука. Тоа се доходот, т.е. профитот кај нив и стапката на вработеност, затоа што тие општества не се такви кога ќе отпушти газдата на "Фијат" 20 илјади вработени, да не се дигнат на бунт и да не предизвикаат веднаш застој на процесите во италијанското општество. Или "Пежо" да отпушти 10 илјади вработени, Француската влада мора да даде одговор зошто тоа го прави. Македонската влада во ниеден политички состав не дала одговор зошто треба да се отпуштат 2000 вработени од македонските водостопанства. Така треба, Светска банка така ни рече, тие ќе се снајдат, ќе им дадеме малку помош и субвенции и социјални трансфери и "ни лук јал, ни лук мирисал". Тоа е македонската политика во однос на граѓаните. Говорам за сите консталации на политички влади. Единствено експертската влада во тој поглед беше малку поинаква. Меѓутоа, во тој дел француската, италијанската, германската, данската влада не помислува во услови кога има страшен трет нафтен шок во историјата на светот да не издвојат од своите буџети за стимулирање на јавната потрошувачка. И не помислуваат на тоа дека ќе го намалат својот буџетски дефицит, затоа што некои сметководствени куќи го имаат рејтингот на тие држави според сметководствената евиденција. Меѓутоа, побитно за тие држави, за Берлускони, за Ширак, за Меркел сега е расположението за германските, француските и италијанските граѓани, а не каков е рејтингот за таа држава во делот на нејзиниот кредитен, буџетски и не знам каков потенцијал. Од тие причини тие држави си направија тоа што требаа да си го направат. Си проектираат таков буџетски дефицит, затоа што динамична типична рамнотежа ги определува односите помеѓу економските големини на долг рок. И ги определува таквите взаемни условености со стапката на инфлација, невработеноста, стапката на трговскиот дефицит и ред други износи од трговскиот дефицит. Значи, тоа се да речеме работи кои што мора да ги научиме како се прави вонреден буџет, а не тука да се произнесуваме за модерен буџет, кој што е статички урамнотежен во еден период од 19 век кога е измислен буџетот во една економија која што апсорбирала земја, вода и шуми. Тука нема место во Европа за статичен урамнотежен буџет. И тоа што тука нам ни се кажува 10 години по ред дека ние треба да тежнееме за статички урамнотежен буџет, тоа ни го кажува ММФ, чии што главен креатор се САД, кој што оваа година проектираат 5% буџетски дефицит. Така треба, така бара американското граѓанство, не се согласува со зголемување на даноци, не се согласува со намалување на одредени социјални бенефиции и Американската држава си проектира буџетски дефицит. И за тоа полага сметка пред ММФ имаме толку девизни резерви, имаме такви потреби, такви проблеми, имаме проблеми во Ирак, имаме проблеми во Авганистан и си добиваат тоа што треба да го добијат, верификација на тој буџетски дефицит. Само ние во Македонија се гордееме кога во услови кога инвестиционата потрошувачка ни е за 13 години, едвај милијарда и двеста милиони долари севкупни инвестиции влезени во Македонија, значи помалку од 100 милиона долари инвестиции влезени годишно во Македонија, минормно во однос на бруто општествениот производ, 2%, 3%, а треба да биде 15%, 16%, 18%. Ние се гордееме дека сме ефикасни, прецизни, штедливи и дека ние успеваме од година во година, дури и тоа што го проектираме како можна потрошувачка да си го скусиме и да го кажеме дека тоа ни е успех, постигната е финансиска рамнотежа. Да, ама постигнавме сатравична економска, циклична рамнотежа. И токму затоа нам производството во Република Македонија покажува стапки на раст. Со само едно работење на Бучим, да работи една година, веднаш се дига индустриското производство. Ќе тргне Битолска млекара да извезува млеко во Грција, за една година, веднаш расте извозот на земјоделски производи. Бидејќи толку ни е економијата, се затворивме. Се што беше вредно да се извезува, се затворивме. Останаа неколку капацитети ќе работи "ЈУГОХРОМ","БУЧИМ" и

"ФЕНИ", имаме добар извоз. Ако падне коњуктурата на никелот сулфур силициумот и бакарот, ќе видите каде ќе се најде Македонија и ако Американците повторно се задржат што прават европските челичани и руските челичани, кои им го навишуваат пазарот на САД.

Значи, Република Македонија на некој начин мора да се грижи дека тие бројки, показатели и проценти во крајна линија имаат значење на државата, се разбира, ние сме држава која што исполнува одредени меѓународни барања, одредени меѓународни услови, но ние сме и држава која што пред се, рековме граѓанска на граѓаните, и мораме да ги задоволиме прво граѓаните, после сите други кои што се на ред, кои што треба да бидат задоволени со своите барања. Значи, клучно прашање е тука во буџетската политика на Република Македонија, ако сакаме да имаме модерен буџет да се фокусираме на стапката на доходот во Република Македонија, колкава е таа добивката и како ние ќе ја намалуваме стапката на невработеност да стигнеме до една нормална стапка на невработеност од работно способно население, 20%, 18% и 17%. Нели имаме ние стапка на невработеност 35% од работна активна сила во Република Македонија. И тоа да биде оквалификувано како успех дека ќе издвоиме 500 - 600 милиони денари и со тоа државата се грижи за поттикнување на вработувањето. Државата мора, клучно прашање е велам, ако нема друг начин, ако нема други инвестиции, ако личната потрошувачка е проблематична, ако се имобилизираат паричните средства преку благајнички записи. Си штедат фирмите во Народна банка. Имаат огромни депозити преку штедењето. Луѓето штедат. Во Македонија сега најголема инвестиција е да штедите. Затоа што во било кој бизнис ако го пласирате капиталот, имате тешка проблематика да ги повратите парите, а не да заработите.

Во таа насока, ние треба да дадеме одговор, ако веќе инвестиционата потрошувачка опаќа, ја нема со 100 милиони долари или евра, како сакате да ги мерите ништо нема да се случи радикално во македонската економија. Токму затоа и се оди на тоа ЕСМ да се продаде да се доведат нови капитални инвестиции, но тоа не е решение. Ќе го продадеме ЕСМ и утре нема што да продадеме, ќе ни останат уште шумите и водите и толку ќе биде. После сме колонија во модерна смисла на зборот, во глобална смисла на зборот. Меѓутоа, факт е дека Република Македонија мора тука да изнајде одговор преку буџетската потрошувачка, јавната потрошувачка. Кога немаме инвестициона, кога немаме лична потрошувачка, кога се имобилизирани парите, државата мора да учествува. И тоа не се инфлаторни притисоци врз стапката на инфлација врз стабилноста на денарот. Затоа што, внимавајте што се случи во Република Македонија. Ние имаме трговски дефицит од околу милијарда долари. Значи, ние даваме пари за стоки од надвор. Возила, процес на опрема, прехрамбени стоки. Република Македонија има негативен биланс две години по ред. Овде ќе увезуваме 170 милиони долари земјоделски производи, отколку што извезуваме, а велиме дека сме аграрна земја. Имаме негативен биланс во трговијата за земјоделски производи над 170 милиони долари, втора година по ред. Значи, ние во тој дел треба да разбереме дека не е само бројката, процентот и макро економскиот индикатор битен за една држава во делот што говорев, ако не разбереме дека не можеме да тргнеме напред, ако државата не помогне во овој момент. Ако таа не се определи за една улога на нем свидетел на настаните и не се грижи, затоа што претставува економска деструкција, социјални случаи, пораст на сиромаштија. Зголемување на јазот помеѓу развиените и неразвиените региони во Република Македонија. Грижа е на младите да избегаат од овој карантински би рекол, простор кој што нема визен режим и се обидуваат да најдат решение, некаде работа вон Република Македонија. Наједуцираната способна работна сила не напушта. Земаат бугарски пасоши сега, утре ќе земаат српски пасоши, грчки пасоши сега се бараат. Одете во МВР, побарајте колку граѓани кои што се дојдени од Северна Грција во Република Македонија во еден даден период на време, бараат грчки пасоши. Тоа е страшна работа. Ни се подјадува државата, темелите на државноста. Знаете ли што значи поднесени 80 илјади барања за бугарски пасоши, или 10 илјади за грчки пасоши. Тоа значи катастрофа. Тоа значи не верување во сопствените можности. Не верување на тој модел што го нудиме на граѓаните. Ние можеме тука се да зборуваме, кога тој граѓанин поднесува барање во Бугарска амбасада, за бугарски пасош, тој веќе не верува во македонската држава. Не сака да верува, не сака да слуша бројки, не сака да слуша проценти, како што кажаа вчера на телевизија еден стечаец: "доста, на никој не му верувам, на ниедна влада, на ниедна партија". Тоа е катастрофата во македонската економија. Нема доверба на граѓаните кон институциите на системот. Џабе ние ги реформираме институциите. За кого ги реформираме. За граѓаните. Не ги реформираме сами за себе тие институции. Од тие причини, значи клучно е буџетскиот дефицит. Тој се проектира една милијарда 779 денари. Зошто не пет и пол милијарди денари. Ние имавме буџетски дефицит 1998 година при буџетски расходи од 45 милиони денари, 4,5 милијарди денари имавме буџетски дефицит, па Македонија преживеја. Македонија опстоја. Таа 1998 година имала потреби. Граѓаните имале потреби. И Македонија си продолжи да си чекори, дојде 1999, па Косовската криза, па се што дојде ваму, Македонија опстоја. Не е проблемот во буџетскиот дефицит. Проблемот е во желбата да прикажеме дека нам ни е потребен буџетски дефицит, а не буџетски суфицит. Во овој момент кога сме во економска стагнација и кога одиме со брзина на полжав напред 2,9%, 3,2%. Другите

земји одат со 6,5%; со 10% оди Кина. Русија оди со 8% општествен производ. Ние се задоволуваме со толку малку, затоа што сакаме да имаме стабилен рамнотежен и статичен буџет. А можеме, затоа што издвојуваме од друга страна 6,5 милијарди денари, ги мобилизираме, покрај тоа што имаме имобилизирани фондови во благајнички записи парични, покрај тоа што имаме штедење кое што не претставува продуктивна димензија на трошење во Република Македонија, имаме сега имобилизација на 105 милиона евра. Стабилност на македонскиот денар, нели моделот ни е добар. Ако моделот ни е добар, ако денарот е стабилен, ако процентите растат, што ќе ни се нам тие имобилизирани 105 милиони евра во Народна банка на Република Македонија. За кого тие пари ги имобилизираме. Ние можеме комотно без инфлаторен притисок, како што кажав, купувајќи возила, процес на технологија, опрема, ние нема да имаме инфлаторен притисок бидејќи зголемената јавна потрошувачка ќе се одлее во Словенија, во Германија, во Бугарија, во Украина индустриската потрошувачка слабо оди, ние нема да имаме инфлаторен притисок, зашто имаме огромен трговски дефицит. САД имаа на времето огромен трговски дефицит и го покриваа со јавна потрошувачка затоа што нивните пари одеа за стоките кои што влегуваа во САД од Јдруги држави, а пред се од Јапонија. Ние истото тоа можеме да го правиме. Нема никаква инфлација да има во Република Македонија. Проверете што се се купува во Република Македонија, ќе видите дека без разлика дали ќе инектираме 5-6 милијарди прекук буџетски дефицит во македонската економија, нема ништо да се случи, а ќе добиеме доверба од граѓаните. Со тие нови 5 милијарда денари, за кои јас секогаш се залагам Македонија да има буџетски дефицит 2%, 3% дури, колку што имаат Германија и Франција. Барем толку да имаме. Со 2%, колку што ги изнесе податоците министерот, ако се 0,6%; 1,7 милиона, 2% се 5,4 милијарди денари. Со тие 5,4 милијарди денари, клучните проекти од ои што зависи прогресот на Република Македонија, тоа е земјоделството. Главната битка за новиот трговски буџет беше Франција и Англија. Англија заради припејмендот да си ги добие парите назад од она што дава како прилив во Европската унија, а Франција да си ги задржи субвенциите на своите земјоделци. Тука беше битката во Европскиот буџет. Земјоделството ќе може слободно со милијарда и петстотини милиони денари да ги задоволиме сите барања на земјоделците. За тутун, за пченица, за грозје, за нови култури, за регрес за нафта при вакви шокови. Сите ќе бидат задоволн и сите ќе и веруваат на државата и ќе го поздравуваат овој Предлог буџет. Ќе може со тие 5 милијарди да дадеме една милијарда дополнителни пари за децентрализација. Бидејќи ние само со ваков буџет сингираме децентрализација. Во Европскиот буџет за децентрализација се издвојува 20%. Тука се издвојува една милијарда осумстотини и дваесет милиони денари по проекти, плус она што треба директни даноци на имот да биде издвоена како буџетска потрошувачка на ниво на локална самоуправа, ама за тие даноци на имот не најдовме сеуште соодветна формула и едукација преку Управа за приходи и за персоналецот има едукација и за даноците има едукација, да знаат луѓето како да ги пополнуваат тие пријави. И тука доцниме со европската димензија. Меѓутоа, битно е дека едноставно со тие дополнителни милијарда пари внесени во децентрализацијата, луѓето во општините ќе имаат шанса за задоволување на комуналните потреби, подобар водовод, подобра канализација, подобро патче и потоа се враќа довербата повторно дека Македонија децентрализирана чекори во Европа. И во делот на животна средина една милијарда за проекти кои може популарно се нарекуваат инвајлмент, а кои што значат, пред се, во овој момент најмодерна верзија за било која буџетска потрошувачка. И она што е клучно, потпишавме, добивме кандидатски статус. Со 152 милиона ли ќе одиме ние во Европа почитувани господа пратеници? Тие пари не се доволни да формираме децентрализиран систем на управување со претпистапните фондови во Секретаријатот на европската интеграција и националниот координатор. Тука треба 500, 600 денари, ние да направиме тим кој што ќе го обучиме и први 2007 година, како се добиваат пари и претпристапни фондови. И повторно тука уште една забелешка, колку е земјоделието важно за буџетот, а тука не е важно од тие претпристапни фондови 90% почитувани пратеници, ќе одат во земјоделството во рурален развој, во развојот на леста индустрија, прехранбена индустрија. Така беше во Бугарија, така беше во Грција, така мора да биде и во Република Македонија. Токму затоа е важно земјоделството. Колку ние ќе си ја пружиме чергата, толку ќе можеме од претпристапните фондови да користиме ние пари за развој на Република Македонија. Впрочем, бугарското искуство е тука, тие користеа сапарт, ние ќе користиме ипа, ама тука треба пари. Тука треба госпоѓа Шеќеринска да добие голем буџет. Најмалку половина милијарда денари, да може тие активности прво да ги дефинира, да ги проектира и на крајот да ги контролира, дали можеме ние за една година да вклучиме најдобри студенти, кои што говориме дека ќе ги вклучуваме. Ни треба 200 - 300 млади едуцирани студенти, кои што завршиле со висок просек, кои што знаат јазици, да ги вклучиме во тој процес, бидејќи тие ќе бидат иднината на Република Македонија. Сигурно јас нема да бидам иднината на Република Македонија. Ама тука ние немаме слух. Издвојуваме 152 милиона денари за европските прашања. Не можеме, фингираме европско движење. Ние велиме имаме кандидатски статус, да. Ама немаме пари.

Реформи без пари не се прават. Се прават само во Република Македонија. Велиме да правиме реформи и на крај ќе констатираме немаме доволно пари, тоа не го правиме, немаме

локална контрибуција. Па зошто да ги издоиме парите однапред. Место да издвоиме 6,5 милијарди денари во стабилизациониот фонд, од тие 6,5 милијарди денари, ако е денарот толку стабилен а јас верувам дека е, иако имам малку сомнеж доволни се 30 милиони евра да ја чуваме ставилноста на денарот. Другите 70-тина евра да ги пуштиме во оптек. По сигурно ќе ја чуваме стабилноста на денарод преку македонскиот зњмјоделец, видејќи на почетокот од експозето, во воведните реченици се кажа инфлацијата се задржа на 0,7% заради намалување на цената на земјоделските производи. Која контрадиција. При покачување на цената на нафата, при зголемување на ДДВ од 5% на 18%, на сите репроматеријали и ѓубре, цените на земјоделските производи опаѓаат. Каде е тука профитот на земјоделецот, каде е профитот на прехрамбената индустрија. Некој можеби не знае дека Битолска млекара извезува литро млеко можеби затоа што има проблем како да го извезе, а не заработува на тоа литро млеко. Нема заработка, туку да се зачува некој кооперативен однос меѓу млекарницата, кооперантите, сочувување на сточниот фонд и сл. Значи ние не создаваме капитал. Интенцијата на буџетот треба да биде да се обнови капиталот. Тоа е огромен дел на потрошувачка, 104 милијарди денари од околу цирка 290 милијарди денари, фонд што Македонија создава. Тоа е огромна потрошувачка и тука може многу да се помогне. Кажав за клучните ресори:Земјоделие, Животна средина, Евро интеграции.

Понатаму биро за недоволно развиени подрачја. Зарем ние мислиме дека со 386 милиони денари ќе го балансираме рамномерно регионален развој на Република Македонија. Тоа е со години така. После се чудиме Конопиште нема пат. Нема да има пат. Не успеавме за толку години да направиме асфалтен пат Конопиште-Кавадарци. 60 години поминаа од 1945 година. Нема да има пат токму затоа што, едноставно овој буџет не овозможува таква димензија. После во Скопје ќе имаме огромна пренаселеност, во Куманово и во Тетово и во другите краишта на Македонија ќе имаме празни регионални зони, во Малешевијата, во Тиквешко, во Мариовско, во Западна Македонија. Со ваков Буџет државата не се грижи за рамномерен регионален развој, а тоа е прв постулат за успешна економија во една држава. Ако вие имате дискрепанца помеѓу развиените региони и руралните региони, нема брз излез од оваа економска состојба во која е Република Македонија. Нема да го решиме проблемот на невработеноста и сиромаштијата, затоа што најголемата сиромаштија е во руралните региони. 83% од бизнисот во Македонија се одвива во Скопје. Замислете 83% од бизнисот се случува тука во Скопје. Кавадарци кој е мој роден град учествува одвај со 2,3% во бизнисот, со ФЕНИ, со ИГМ со Тиквеш. Мислам тука нема споредба. Тука нема развој, тука нема економија, тука има само сиромаштија и невработеност, бидејќи ФЕНИ после 4-5 години ќе згасне, ќе се исцрпи лежиштето на руда и 800 души ќе бидат на улица. Треба да најдеме алтернатива што со овие луѓе.

**Љупчо Јордановски:** Ќе одат во пензија.

**Марјан Ѓорчев:** Не, не во пензија, господине претседателе. Ќе се вратат во своите родни места во тиквешијата и ќе работат тоа што треба да биде според европска димензија , како што е Словенија, рамномерно развиена, живеат во Словенградец, градат клиники во Словенградец, се развиваат, а не како во Република Македонија, доаѓаат во Скопје и потоа има невработеност.

Исто така во делот на Катастарот.

Клучна работа што се потенцира во прилагодувањето на Македонија кон ЕУ е правото на сопственост и регистрирање на тоа право. Ние уште не сваќаме дека клучна работа е да имате имотен лист, да нема двојство помеѓу поседовен имотен лист. Зарем не можеме од тие 5 милијарди за кои говорам, да издвоиме 500 милиони плус, да го завршиме тоа еднаш и да биде педантно обележано. 63% и 75% од регистирација на правата да бидат во Катастарот.

Јас чекав 9 месеци на мојот покоен татко Ѓорѓи Ѓрпчев да се префрли станот на мојата мајка Магдалена Ѓорчева. Девет месеци чекав само името да се смени Ѓорѓи Ѓорчев кој е починат, да дојде на Магдалена Ѓорчева и тоа имав пријатели во Катастарот, со директорката, со други, а чекав 9 месеци. Замислете еден обичен граѓанин колку чека во катастарот. Тоа е проблем во Република Македонија и тоа никој не го гледа, а странците го гледаат. Тука треба да се реагира итно и треба да се одделат пари, бидејќи без пари нема реформа. Потребно е фотогеометриско снимање на сите недвижности на Република Македонија и станбени и земјоделски и она што претставува индустриски зони и дури потоа да се утврди. Тоа е работа од 2-3 години, а јас ќе ви кажам за едно фотогеометриско снимање во општина Кисела Вода, се даваа 400 илајди марки само за населеното место Драчево. Можете да замислите колку пари чини тоа за цела Македонија да се изврши фотогеометриско снимање, а туак во буџетот се даваат 483 милиони денари. Ова е уште еден доказ дека бројките , показателите и индикаторите имаат две димензии, имаат лице и наличје. Лицето е самата бројка, а наличјето е кога ќе објасните зад таа бројка што стои. Од тие причини сметам дека нема оправданост ние буџетскиот дефицит да не го направиме на ниво на модерен буџет. Република Македонија не е во експанзија, не е во просперитет. Се бори да фати приклучок.Со 1990 година има право државата дда се меша и тоа е секаде во светот, така прави САД, така прави Германија, така прави Францијам па зошто ние не, една малечка Македонија. Тоа можеме да го направиме. Не сакаме. И затоа тука по 4-ти пат кажувам, имаме добра финансиска политика.

Неспорно е работењето на Министерството за финансии, меѓутоа имаме и премиер. Премиерот

кажа дека ќе се дадат еден денар за грозјето. Не се даде тој еден денар. Рече ќе се даде еден денар за пченицата. Не се даде, а со ребалансот на страна се тргнаа 1.100.000.000. денари па каква е таа Влада во Република Македонија. Премиерот кажа ќе дадат за грозјето, за пчениците, министерот за финансии не дава, а од друга страна прикажува суфицит. Ги трга тие што можеше да ги потроши премиерот , да ги даде на граѓаните на Република Македонија , да ги даде како премија за гозје, премија за тутун, премија за пченица. Затоа велам, едно е финансиската политика, друго е економската политика. Економската политика е многу посеопфатна од финансиската политика и таа значи развој во Република Македонија. Финансиската политика значи кочница. Јас тоа го тврдам одговорно. Сум бил министер во Влада и знам дека финансиската политика во Република Македонија и мене ме кочела и сега не кочи, ги кочи сите министри, бидејќи таа е крута, статична и бара нешто што сега го нема никаде во Европа и во светот, бара некоја рамнотежа што никој не ја почитува. Рамнотежата е кај граѓаните на Република Македонија, не е рамнотежата во проектите. Тие треба да бидат рамнотежа на системот, рамнотежа и на буџетот на Република Македонија. Токму од тие причини и овој буџет не може да биде модерен и по зафатите што ги прави како распределување на товарот на граѓаните преку даноци, акцизи и други давачки.

Повторно ќе се навратам на ДДВ. Ние ДДВ го воведовме 1999 година, и почнавме со примена во 2000-та година, како држава. До тогаш немавме ДДВ, а независна и самостојна држава сме од 1991 година. Тогаш, во 1999 година се правеа проекции во кои и јас учествував, како дел од економскиот ресор. Јас се залагав дека не смее да биде товарот на ДДВ поголем, заедно со тогашниот министер Сојменов, од 8 до 9 милијарди денари затоа што имаме рестриктивна монетарна политика, нема кредити, високи каматни стапки. Тоа е двојно оданочување. Од една страна го тепате, не му давате кредит на сопственикот, не му давате конструкција да отвори бизнис, од друга страна му земате и тоа што малку му останало да заработи од ДДВ. Сега од тие проектирани 8-9 милијарди денари товар, бидејќи тоа е товар, тоа е индиректен товар. Внимавајте, ние 70%, така барем кажува во експозето министерот, имаме индиректни даноци. Не се осмелуваме да зафатиме во дирекниот данок па да ги оданочиуме куќите на Водно со добри 70-80% данок , тие што имаат таму тревници од 1 хектар и куќи, да ги оданочиме со 100-тина илјади евра, па да собереме даноци, да го распределиме товарот мерѓу богатите и сиромашните, ние сите подеднакво. Ние сите подеднакво, јал не јал три ипол. Сите 18% ќе си платиме за ѓибре, за репро материјали и толку е индирекниот данок. Но директниот данок е одговор за праведни даноци. Тогаш тој што користи повеќе, треба да плати повеќе. Тој што користи етажен стан, тој ќе плати помалку. Тој што користи 2.500 метри квадратни, на определено место што е прва категорија, ќе плати добар данок бидејќи за да се направи таква куќа треба да има добри пари. Тоа е категоријата праведност и правилност при распределување на товарот. Ние со овие индиректни даноци од 9-10 милијарди ги зголемивме на 28 милијарди, за пет години. Во ред е ефикасноста точноста, прецизноста во наплатувањето, фискализацијата. Се е во ред, ама товарот е преголем. Тоа е преголем товар кој тешко моеже да се идржи. Почитуваниот министер добро вели, кредитите растата, каматната сапка се намалува, колку е, 8,5%. Со 8,5% во Република Македонија вие немате таква стапка на рентабилност да оствариме ние драматични поместувања напред. Во благајнички записи уште повеќе се исплати да влижите пари и да добиете на 100 милиони денари, 8,5 милиони денари на крајот на годината, цели 130 илјади евра, одколку да ги вложите во бизнис, во земјоделие, па да ви пропадне реколтата од куртова капија и да ви пропадне извозот во Германија затоа што цената е поевтина на смрзната куртовска капија, од Турција. Тоа е реалноста. Затоа си вложуваат пари во благајнички записи, а кредитите се даваат најмногу, Тутунска банка дава најмногу за станови, за возила, сега почна да дава и Стопанска банка и тоа се пак она што кажав, нема инфлација. Парите одат во Германија, се купува фолсфаген, во Франција пежо. Македонија немам индустрија на возила. Не се купува ништо од Македонија и токму затоа имаме право да имаме буџетски дефицити. Нема таа зголемена јавна потрошувачка ништо да смени во економските параметри. Нема да го наруши ниту рејтингот на министерот . Тој си е и така добар во тој дел на финансиската политика. Меѓутоа, ќе помогне да се наруши тој концептуален јаз меѓу она што претствува добра финансиска и лоша економска политика.

Во тој дел уште еднаш ќе кажам уште една драматична ситуација кај субвенциите и трансферите.

За субвенции и трансфери во централниот буџет кој изнесува како расходи, заедно со заемите и самофинансирачките активности, 91 милијарда денари. Внимавајте , 91 милијарда денари во споредба со ова кога би било 45 милијарди, дупло поголеми расходи. Дупло се зголемени буџетските расходи. За тоа граѓаните на Македонија треба да не викнат на распит, на истражување. Каде ние ги трошиме тие дополнителни 45 милијарди денари. Од нивниот грб е тоа, од нивните даноци, акцизи, такси што ги плаќаат. Тие субвенции и трансфери се одвај 2,7 милијарди, или помалку се од каматите што ги плаќа Република Македонија по не резидентните кредитори и по делот по домашните долгови кои се 2,9 милијарид. Значи ние толку многу ги помагаме македонските земјоделски домаќинства, трансферите за она што значи економски развој и алиминирање на сиромаштијата, колку што плаќаме камати и помалку од тоа. Едноставно неодржлива е оваа

финансиска политика. Таа може да биде одржлива на краток рок. Таа ќе ви донесе можеби пак 3,5% пораст, на пазарот ќе проработи, еве нека дојде некој странски инвестиро утре во ЕСМ, ќе инвестира во делот на некои модерни микрохидро електрани, или ќе инвестира во гасна централа што ќе биде во Скопје, веднаш во Македонија ќе се подигне растот за 3%, но тоа не е ништо. Со избрадбата на новата гасна централа нема да има нови вработувања, ќе има 50-60 запослувања. Нема да има рапидно зголемување на вработеноста и стапката на доход во Република Македонија. За бројката, ќе се прикаже раст. Меѓутоа , не може да се реши проблемот во Република Македонија. Од тие причини сметам дека на две прашања на буџетот тука да му посветиме особено внимание како сознание за во иднина. Ова година не верувам дека тоа ќе помине. Меѓутоа, ние имаме во голем дел извоз на национално богатство во Република Македонија, на неметали, металургија, земјоделските прозиводи, печурките, боровинките, дивите малини. Се е тоа национално богатсвто. Ние место да ги оданочуваме печуркарите со 15%, бидејќи тие едвај заработуваат 10.000 или 20.000 денари годишно, треба да ставиме по килограм извезена печурка или боровинка, или мермер, или некој неметал, извозна такса, по килограм, не по цена. Кога ќе се прикаже фактура место 2,20 долари и ќе биде таксата друга. Извозна такса, затоа Што извезуваме национално богатство. Тогаш ќе можеме ние реално, во буџетот, тоа што го губиме како национално богатство, мермерот од Прилеп, да го вратиме барем малку итн, значи во тој дел ние треба да воведеме извозни такси. Тоа како право ни го дава СТО. Тука ќе имаме поголеми приходи во буџетот. Тоа е правилно, тоа е праведно и сите со тоа ќе се согласат. Но, од друга страна да имааат бенифиции во делот на извозот, бидејќи, кажав кога ќе излезе некој производ во Република Македонија по единица килограм, тој отвара едно ново работно место, бидејќи ние сме трудо интензивна економија во тој дел на извозот.

Втората димензија е компнзаторната царина.

Во Република Македонија увезува само месо над 80 милиони евра, а сите тие што извезуваат месо во Македонија, пред се Словенија, Полска, Данска, имаат страшни субвенции на својот производ, дали е тоа телешко месо, дали е свинско месо, дали е живинско месо. Го субвенционираат. Тоа одговорно Владата на Република Македонија ви го тврдам. Не ги знам стапките, но во Полска пред 2 години субвенцијата беше 60 денари по килограм. На тај начин преку тие компензаторски царини кои некој треба да ги води и што ни е дадено како право од СТО, имаме можности над 1 милијарда да имаме буџетски приходи, покрај прелевманите. Од Србија се увезува месо, од Словенија, од Полска. Сите тие имаат огромни субвенции по кгр. Месо на било кој тип на добиток. Тогаш, со тие компензатроски царини ние ќе си обезбедиме доволни приходи во буџетот, праведни и со овие извозни такси на националното богатство кои ќе ни донесат доволно приходи за да можеме потоа да ги инвестираме во ЕУ, движењето кон ЕУ, во земјоделието, во животната средина. Тоа е клучната работа што ние на некој начин треба да ја облагородиме со конкретни предлози од страна на Министерството за финансии за буџетот во следната година.

На ваков начин предолжен буџет, јас морам да кажам поднесов и амандмани во тој дел, пред се во делот на земјоделството за кои ќе говорам кога ќе дојдат на ред амандманите, потребата и оправданоста на тој амандман.

Меѓутоа, сакам да кажам, ваков каков што е предложен буџетот во Република Македонија, не само што не е модерен буџет, туку тој буџет повторно не е во интерес на потребите, интересите и барањата на граѓаните на Република Македонија. Од тие приччини јас не можам можам да го подржм овој предлог буџет, освен ако бидат усвоени амандманите за поддрша за земјоделствот што сметам дека претставува најголем потенцијал, најголема можност за развој на македонската економија и за буџетски приходи.

Во тој дел ќе ја привршам дискусијата. Едноставно не можам да дадам поддршка на ваков предлог буџет за 2006 година.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Господине Иванов имате збор.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Почитуван претседателе, почитуван министре за финансии, другарки и другари.

Своето експозе министерот за финансии го започна и рече дека му е чест и задоволство, во време кога Македонија се здоби со статус на земја кандидат за влез во ЕУ, пред овој Парламент да поднесе Предлог на буџет за 2006 година.

Верувам, овој буџет да беше подготвуван после овој чин, мислам дека тој буџет ќе изгледаше сосема поинаку.

Ние видовме што значи буџет кога се донесува во многу земји, а сега конкретно...

Ако може овој кумановец да се смири малку?

**Љупчо Јордановски:** Јас ги молам пратениците да бидат малку потивки.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Видовме каква драматика се одвиваше сега, кога се донесуваше буџетот во Европската унија, каде што лесно можеше да биде колатерална штета.

Еве, видовме сите што значат економските интереси, што значи економијата. Каде престануваат сите идеали, идеи, желби и намери кога е во прашање економскиот интерес и кога е во прашање економијата. И, ако погледнеме назад во историјата ќе видиме дека сите големи војни и сите големи трагедии биле затоа што се

јавувале апетити за големи економски придобивки.

Јас, 15 години зборувам дека економијата е најважната работа. Дека ние по тие прашања и по тоа прашање треба да имаме висок консензус во македонската држава. За жал, тоа до сега не се постигна.

Мене, многу тешко ми падна кога најодговорните луѓе од ЕУ, велат дека ни го доделуваат овој статус само заради тоа што ние го направивме Охридскиот договор. Сигурно тоа е голем резултат што го постигнавме, меѓутоа јас ќе бев среќен како човек и граѓанин на оваа земја ако кажеа дека ние, со својот економски развој за овие 15 години еве, се приближивме до стандардите на Европа. Дека ние сме некаде 70 или 80% од просекот на БДП на европската заедница. Ќе беше извонредно ако кажеа дека извонредно ги развивме демократските односи, функционирањето на институциите и тн, и тн. Ќе бев среќен, исто така, да не ставеа во исти третман како и многу земји што го добија тој статус на земја на држава, меѓутоа ни ставија до знаење многу да не очекуваме некои посебно финансиски средства.

Исто така, јасно ни ставија до знаење дека, покрај другите, најважни се реформите во економијата, подигнувањето на стандардите во сферата на економијата. Дали сега не треба навистина да се замислиме каде бевме овие 15 години, што работевме за овие 15 години, што правевме во оваа држава? Како можевме да ја доведеме оваа држава во ваква состојба, на беда, сиромаштија, неразвиеност, без перспективи, без излези, без надеж? Каде е нашата одговорност во целата таа работа? Одговорноста према нас самите, одговорност према нашиот ментален склоп, одговорност према нашите деца, нашата фамилија, одговорност кон она што не опркужува, одговорнос кон граѓаните кои не бираат, одговорност кон општеството? Таа одговорност ја немавме. И, немајќи ја таа одговорност ние ги доживеавме овие трагични 15 години.

Убаво е тоа што министерот за финансии изрази голема надеж и рече дека 2006 година, крајот на 2006 година ќе го достигнеме БДП од 90-тите години. Но, тоа е многу тешко денеска да се каже, но истовреме веднаш се ројат овие прашања за кои што зборував пред малку. И, тоа сме единствена земја што има најдолга транзиција и за што за цело време бележи само негативни резултати во сите сфери.

Тогаш, се поставува прашањето можеме ли ние да направиме промена во својата свест? Можеме ли да направиме во моралот, во етиката, може ли да се вратиме на некои вредности што ги имавме, на вистината, на реалноста, на објективноста, со кои што се красеше оваа држава и ова општество? Не знам. Немам одговор.

Ми доаѓа во главата она Мојсие кога ги поведе Евреите од Египет, од ропство за Израел. Веројатно сте читале, сте гледале филмови. Нели сте поставиле прашање зошто тој ги водеше 40 години по еден пат што можеше да се совлада со камили за месец дена, вака пеш со деца, со жени од два до три месеци? 40 години ги водеше, ги шеташе околу Синај. Ајде, кој ќе ми одговори јас ги частам.

Претседателот знае.

Еве, јас ќе кажам. Затоа што тој со робови неможеше да направи држава. Тие беа навикнати на ропство. Требаше да се родат нови луѓе, нови сили, со нова енергија, динамика, креативност и тн. за да отидат во ветената земја и да ја направат таа држава.

Тоа значи дека и ние мора да се замислиме да одиме од тука. Очигледно се покажа дека ние ниту сакаме, ниту имаме желба, ниту сме подготвиме да се зафатиме со огромните проблеми во државата. Нам ни требаат вистински реформи.

Ова е вистинско време, не сакам да кажам историски момент, меѓутоа вистинско време да ние сфатиме дека без прави реформи, не лажни реформи, не нашминкани реформи, не реформи поради реформи, реформи нереални, необјективни, нам ни требаат прави реформи. Реформи засновани на наука, вградени во нив стратегија, цели што треба да се постигнат, начини, форми, методи, желба, енергичност. Тоа ни треба. Тоа моментот што ние треба да го сфатиме. Тоа е моментот што треба максимално да се искористи. Не ние да влеземе во Европа, туку да ја направиме Македонија европска. Ние, никогаш нема да влеземе во Европа со ваква состојба каква што ние е во државата.

Ние можеме да измениме десет устави. Ако немаме желба навистина да направиме промени во судството нема да имаме независно судство. Со години можеме да зборуваме за демократија ако немаме желба навистина да внесеме демократија и демократски да се однесуваме, нема да имаме. Ние можеме да зборуваме колку и да сакаме и да го лажеме овој народ дека имаме институции што функционираат независно, дека се независни, тоа не може да биде ако навистина не ги направиме такви.

Но, најтешко е да ја повратиме економијата во Македонија. Да ги решиме виталните проблеми во државата. Висок БДП, решено прашање со вработувањето, отстранување на сиромаштијата и бедата, барање на перспективна иднина, доаѓање до економските стандарди какви што се во развиениот свет. Тоа е најтешкиот проблем што нам ни претстои да го решиме. А, тоа може да се направи ако реално и објективно ги согледаме проблемите во кои што се наоѓа оваа држава. И, ако со овој буџет, го насочуваме во насока што ќе помогне да се достигнат тие стратешки цели.

Како прво, веднаш се наметнува прашањето: реформи во Буџетот, крупни реформи. Сега, единствена институција што има пари, тоа е државата. Полна е со пари. И, оние фирми и

компании што се врзани на јаслите на државата. Една или две што имаат монополни положби. А, најмногу оние што цицаат од Буџетот. Таквите ги знаеме сите во Македонија. И, на друго место нема пари. Стопанството е испразнето, нема репроматеријали, нема средства за набавка на репроматеријали. Секој ден се усложнуваат условите за стопанисување.

Јас ќе бев среќен овде да го имавме мислењето во врска со Буџетот на синдикатите. Ама ние немаме синдикат. Убаво ќе беше да го имавме мислењето на Комората, но таа веќе не се занимава со стопанството, се бави со просторот. Нема. И, никој повеќе не дига глас дека не може ова стопанство оваквиот товар да го издржи.

Само оваа година две мерки што многу ги усложнија состојбите во стопанството:

Едната од мерките, до сега стопанските организации увезуваа сировини, репроматеријали можеа да користат еден кредит од месец дена, со гаранција на банки и тн. Таа мерка се укина. Се отежнаа можностите за увоз на репроматеријали.

Втора мерка поради тоа што на разни места има мангупи и виртуози кои изигруваат во плаќањето даноци, е да се концентрира плаќањето на данокот во компаниите, без оглед што има потполно издвоени делови и тоа по дејности: земјоделие, рударство, индустрија, трговија и тн., со сопствени рачуни, директори, самоуправни органи и тн. и тн. Сега, судбината сите ја делат заедно. А, тоа во светот не е така.

Во светот се работи непрекинато како да се помогне на стопанските ораганизации да работат, да се развиваат, да се градат нови капацитети, да се градаст нови фабрики, да се вработуваат луѓе и тн. и тн.

Зошто е тоа така, затоа што се нема чувство кон најважниот елемент, а тоа е стопанството. Погледнето го буџетот. Буџетот го полнат граѓаните и фирмите. Близу 50% Буџетот се поолни од ДДВ, царини и тн. Другиот дел од такси, казни и неданочни зафаќања. Но, таму од каде што се полни буџетот, тој дел практично треба да се развива, да се создаваат можности за барање нови вредности. Ние тоа не го правиме.

Кога зборував дека треба прво да се започне со реформи во Буџетот, но вистински, прво треба да започнеме со расходниот дел. Но, тука треба смели луѓе, енергични луѓе, странци да од тие јасли на Буџетот рационализираат огромен број на потрошувачи или отстрана. Погледнете, колку се тоа институции. А, тука секој ден донесуваме закони за формирање разни комисии, бироа, агенции, центри и тн. и тн., не водејќи сметка дека тие сите мораат своите потреби да ги покриваат од Буџетот. И, погледенте некои што работат? Има во Извештајот на Буџетот. Некои, само направиле закон по кој ќе работат и извештај за работа. Па понатаму, големите потрошувачи, министерствата тие непрекинато се полнат со луѓе. Од кои причини знаете вие, а знам и јас. Тој број расте непрекинато. А другите институции, полицијата, војската?!

Македонија представува еден град одприлика два милиони и толку луѓе. Замислете еден таков град да може да издржува и тоа во развиена држава, во една Германија, во една Франција, во една Италија, да може да издржува една ваква огромна буџетска потрошувачка. Па, не може. И да е богат град при ваква голема буџетска потрошувачка тој ќе почне да осиромашува, да пропаѓа и на крајот ќе цркне, како што ние пропаѓавме, осиромашивме и дојдовме до ова дереџе.

Значи, треба смело да се пристапи на тој дел и кога тоа ќе се направи, тогаш се отвараат можностите за растоварување на приходниот дел чии зафаќања се доста големи од фирмите, од граѓаните итн. Тогаш ќе можеме да зборуваме да данок на додадена вредност од која ќе го ослободиме комплетно земјоделито или ќе го оптовариме со 2, 3, 4 или 5%, па ќе можеме да зборуваме да ги ослободиме комуналните организации кои обезбедуваат вода, кои вршат комунална услуга, па ќе можеме да зборуваме индустриите во кои можеме најбргу да вработиме луѓе, лесната индустрија. Исто така да ги ослободиме од многу давачки било да е тоа на лични доходи, било да е ослободување од профитот кој би се ангажирал во инвестициите и на крајот целото стопанство да се растовари од едни вакви огромни зафати не само со даноци, туку и со придонеси. Се гледа дека стопанството тоа не може да го сервисита. Речиси комплетно не е во состојба. Ако плати лични доходи, нема да може да плати придонеси, а државата и така го има разиграно прашањето на собирање на даноците што тука нема многу можности тоа да не си го наплати до крај.

Ако ги направиме овие реформи во Буџетот и ако направиме промени во кредитно-монетарната политика прво во фискалната, а потоа во кредитно-монетарната политика, видовте што се целите на фискалната политика. Како цели се убаво поставени.

Третата цел што ја кажа министерот Поповски е да ги задоволи потребите на потрошувачите и да го сервисира долгот спрема странство. За сите други цели нема пари.

Еве, ние пет години овие независни институти светски и незнам какви, зборуваат дека нашиот раст е околу нула. Нашите статистички податоци покажуваат нешто друго, но таму многу директори сменивме. Значи, нешто не е во ред со податоците, нешто не ни одговара така како што сака статистиката да покаже. Се создава сомнение околу целата работа.

Ако е тој раст околу нула, тоа го кажуваат независни светски институти, па како мислиме економијата да заживее. Цело време зборуваме од 1990 година само за странски инвестиции. Сите инвестиции до сега се сведоа само на тоа, на купување на веќе изградени објекти во Македонија и тоа во безцење. Не гледам ни една

директна инвестиција со која е изграден некој преработувачки капацитети во Македонија. Може некои ситни, според тоа, ако 15 години не дојдоа тие директни инвестиции освен купување во безцење и во распродажба на она што е изградено од 1945 година па наваму, тогаш ние мора да размислиме ако не доаѓаат такви инвестиции, а да видиме зошто не доаѓаат, не е точно дека тоа го прават од идејни и не знам кои причини.

Кина има еден систем, една партија, па ќе се истепаат инвеститорите. Во Кина одат затоа што има милијарда и триста потрошувачи, во Македонија има два милиони. Тоа е една од причините. Веројатно има и други, ние не можеме од еднаш да станеме од два милиони две милијарди, ние сме тие, толку колку сме.

Според тоа, нашиот развој, нашите инвестиции мора да ги градиме на некој друг начин, пред се мораме да се ослониме на сопствените снаги, на сопствениот капитал, на капиталот што е изнесен од Македонија, но да овозможиме да се врати, на капиталот што стои во Македонија, на капиталот што го имаме во банките, штедните влогови и оние што се во банките и оние што се дома. Капиталот и профитот што го создаваат некои фирми во Македонија и тука треба да ги изнајдеме моделите, формите, сум зборувал за тоа, не сакам да ги повторувам тие работи, за да го отпочнеме развојот. Развојот во целокупната економија, а во поедини делови кои се од интерес на државата како што е земјоделието за кое што зборуваше Марјан Ѓорчев. Еве искористувањето на минералните суровини и националнотот богатство во Македонија. Тука Буџетот треба да ја одигра најважната улога, но реформиран буџет кој не со 90% да оди во општа потрошувачка, анализирајте го Буџетот. Ако го анализирате Буџетот ќе ја видите нашата целокупна состојба во државата. Дали има перспектива или иднина? Тоа го нема во Буџетот. Буџетот не е банка, не е тој што треба да одобрува програми каде која фабрика ќе се гради. Буџетот ги насочува средствата во потикнување на поедини гранки и дејности. Сите држави во светото, еве зборуваше Марјан Ѓорчев, не сакам да зборувам за тоа да не се повторувам, првиот развој го направија во земјоделието. Ние ли треба да бидеме светски исклучоци? Сите први револуции во економијата од Америка, Европа, развиениот свет, Тајван, порано се викаше Формоза, првиот развој го направи во земјоделието за да обезбеди храна. Тигрите во Азија кои имаа услови првите пари ги вложија таму. Израел, нашиот премиер беше таму пред извесно време, го имаат Давид Бен Гурион тој рече првата работа што треба да ја направиме е да обезбедиме храна, да го развиеме земјоделието. Израел, кој 80% е пустина. Тие од пустината направија огромни земјоделски производни капацитети. Три пати сум бил во Израел. Прво одев во пустината, па во Тел Авив, а потоа во Ерусалим и Мртвото море. Прв во Македонија на 100 хектари вишни воведов систем за наводнување капка по капка пред 30 години. Тие направија чудеса во земјоделието во пустина, а ние имаме поголема територија од Израел, можеби 20 и повеќе проценти, имаме извонредни услови. Од 1945 до 1990 година развивме огромни системи за наводнување, разни комбинати, производство, а денеска е мртво земјоделието. Израел извезува девет милијарди земјоделски производи. Ние три пати увезуваме повеќе земјоделски производи од тоа што извезуваме, а погледајте тие можат девет милијарди да обезбедат извоз од пустина и тоа да направат земјоделие кое е тотално модернизирано каде човечкиот труд минимум се употребува. Зошто ние имавме еден голем старт и тоа не го продолживме? И денеска Израелците од Буџетот 50% парите ги даваат неповратно, а другите 50% се финансираат од банките по 2%, 1% камата. Ние какви средства имаме за земјоделието? Немаме никакви. Симболика.

Марјан зборуваше за тоа, но и тој кога беше министер и тој не го развиваше земјоделието, веројатно имал тешкотии. Политиката и климата се во прашање, мислам дека не ми се лутиш Марјан?

Според тоа ние имаме области во кои можеме брзо да направиме развој. 30% од народот живее директно или индиректно од земјоделието, а во светот е 5-6%, па претставува огромни производни капацитети. И ние еден ден да дојдеме на 5-6% од населението да се бави со земјоделие, но да имаме огромно производство. Ги имаме условите. Не треба да вложиме пари како што вложија Израелците. Ние 10% од тоа да вложиме затоа што имаме висок старт, затоа што имаме кадри, затоа што имаме знаења, затоа што имаме веќе изградена инфраструктура, ние би постигнале големи ефекти и резултати.

Друга област во која така речи пропаднавме, тоа е рударството. Катастрофа. Еве ни стојат три рудника, ги земаа мангупи и ништо не прават. Едниот е Саса, другиот е Злетово, третиот Тораница. И колку помали, да работеа тие до сега ќе ги покриевме сите загуби не во рударството, туку и во голем дел од индустријата. Ќе можевме да инвестираме во нови рудници. Две и пол години на светскиот пазар е цената каква што би била како јас паметам, а јас одамна паметам, но никому не му е гајле за тоа и што е најлошо вие гледате тука господине министре во Буџетот е предвидена една симболика за истражување на рударски и геолошки истражувања 27 милиони. Со тие пари една дупка не може да се избуши. Не сум јас за тоа државата да се претвори во институт за истражување на минерални суровини, но секоја држава вложува во основни истражни работи како основна геолошка карта, хидро геолошка карта, почетни рударски истражувања за да докаже дека во тој реон постои минерално богатство и тогаш да привлече странски инвестиции, значи да ги иницира, разоткрие резултатите за еден степен од постоење на едно минерално богатство.

Оној систем кој го напаѓавме и брзо сакавме да го заборавиме и да го замениме со неолиберализмот, во тој систем, во таа држава огромни пари се вложуваа во истражувањата. На основа на тоа денеска постои Фени, Југохром, Железара и рудниците за метали кои ги затворивме, рудниците за неметали, итн. Големи потенцијали има Македонија во термоенергија. Ние немаме веќе енергетски суровини. Јагленот го исцрпевме во битолкиот регион, оној во Македонски Брод тешко го отвораме, имаме јаглен со исклучително ниска калорична вредност. Во Македонија постои огромен потенцијал да се пронајдат прегреани води и со досегашните истражувања дојдени сме до фрапантни резултати. Но, треба да се направат една или две бушотини на 1500 до 2000 метри и ако тие резултати се позитивни може веднаш да се привлече странски капитал и 30% од енергијата во Македонија се снабдува од термо енергија. Според тоа не можеме да градиме перспектива, иднина ако не вложуваме во иницијалните работи во економијата.

Пак ќе се вратам на Мојсие. Дали можеме ние некој Мојсие да се роди овде и тој Мојсие да ги постави основите за изградба на оваа држава. Дали можеме ние да имаме еден Давид Бен Горион кој ја направи израелската држава, кој почна да ја прави од прилика кога ние почнавме да ја правиме македонската држава. Дали Македонија има креативни снаги на кои треба да им овозможиме да ги започнат правите реформи и да ги спроведат. Македонија има луѓе, ние треба да им овозможиме тоа да го направат. Благодарам.

**Гзим Острени:** Има збор господинот Зоран Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Почитуван министре, почитувани пратеници, навистина во овој месец во кој полека ги приврштуваме нашите есапи и домашни, еве, го приврштуваме и државниот есап, така да кажам и правиме проекции за наредната година. По ова како е скроен овој буџет јас би рекол дека ова не е само закон, може да се нарече и закон за буџет, ама и закон за оскудација според својот рестриктивен пристап и според својата концепција Буџет кој се пресликува од минатите години со една додавка што министерот ја истакна дека тој во себе ги инкорпорира и буџетите на здравството и другите фондови што не беше случај досега што на одреден начин само ја проширува нашата перцепција за тоа во какви се дубиози се наоѓа државата и за каква сериозност станува збор кога го носиме овој Буџет.

Втората работа на која не предупреди министерот беше да внимаваме на статистичките искажувања во воведното излагање со цел да ни укаже дека некои компарации методолошки поинаку се изведени и тие не можат сега да бидат директно спротивставени со некои бројки кои ги имавме во поранешните објаснувања за буџети или во самите буџети. Тоа е така веројатно, бидејќи една од крупните забелешки на меѓународните финансиски институции е работата на нашата статистика. Ние видовме само за краток период како тројца директори беа сменети се со цел да се покаже дека таму е грешката, а не во реалниот сектор во економијата и во лошиот живот на граѓаните и постојаното опаѓање на стопанството. Тоа во делот на статистиката, тука господинот Марјан Ѓорчев укажа тоа е прашање на аспект како гледате на некоја бројка. Па ако имате тројца луѓе кои стојат во река, на едниот на кого водата му доаѓа до колена, на другиот над колена, на третиот му дошла преку уста, статистички на сите им е до стомакот, меѓутоа едниот е под вода и прашање е дали ќе преживее ако не излезе од водата. Во таква состојба е нашата економија и ако нешто повеќе не неправиме да ги надминеме тешкотиите со кои слабости се наоѓа, ние само статистички ќе ги бележиме успесите како што овде се даде преглед, без да посочиме на оние фктори кои реално ја оптоваруваат економијата. Дури ова излагање поаѓаше како да се случува на Влада која сега добила мандат од граѓаните па тежиштето на критиката го остава на претходната, се заборава дека трета година изминува на оваа владеачка коалиција во која да потсетам и три премиера се сменија, а економијата не доживњеа процвет. Би сакал да кажам дека прво целиот овој период не само на оваа Влада, но и претходно беше период на деиндустријализација на Република Македонија. Многу фактори влиаеја на тоа и екстерни, што се вели, глобализацијата на економијата, напуштањето на еден систем во кој живеевме, распадот на една држава во која живеевме, но и оние субјективни и внатрешни кои се сведоа на лоша приватизазција, на висок степен на корупција и на немањето во основа реформи за структурални промени на таа индустрија. За тоа ме зачудува сега што целокупното искажување се темели токму на искажување за високи резултати добиени од покачувањето на индустриското производство во Република Македонија, иако тие се должат само на шпицеви кои се конјуктура во светската економија и се однесуваат на тоа што некоја фабрика што со години во делот на металургијата била затворена сега проработела и го искористила тој момент, запоставувајќи да се каже дека во исто време главниот стожер и поддршка на таа металуршка индустрија, а тоа се рудниците во Република Македонија за цело време на оваа конјуктура на цената на оловото и цинкот беа затворени и ништо не се случи. Така што мислам дека претпоставките за 2006 година дека на таа основа ќе го продолжиме растот, мислам дека целава земја од причина што прво, во 2006 година завршуваат нашите привилегии за повластена енергија во делот на преработка на металуршката индустирја. Тој протокол со Европската унија сме го потпишале во 2001година и за период од 2002 година до денеска го немаме реструктуирано целиот тој комплекс. Ние сеуште со евтина струја топиме метал и создаваме, да речам некаква конкурентност на тој пазар. На стрна што

токовите во регионот покажуваат дека оние кои овде дојдоа да финансираат многу брзо заради профитабилни цели како што е поевтин транспорт, поголем внатрешен пазар итн., веќе се префрлуваат во соседните земји, така што градењето на амбиции дека тоа ќе биде носечки столб на порастот на индустријата во идната година, мислам дека е погрешен. Реков дека имаме слаби резултати затоа што имаме слаби реформи, а слаби се реформите затоа што немаме проекција. Јас мислев дека овде барем протоколарно ќе се кажеше дека Владата има стратегија, економска стратегија, барем ќе му се спомнеше името на високо почитуваниот експерт и советник од Германија господинот Вајгел. Но, очигледно нешто на врската со него е расипано, па ние овде не гледаме ниту една иницијатива што ќе не окуражи дека ова што Владата го предвидува со овој Буџет е на одреден начин ревидирано или поддржано и од некој странски експерт. Тоа ние овде го немаме, затоа што Владата нема своја стратегија за економскиот развој на Република Македонија и тешко да може во предвечерие на изборна година тоа да го направи. Може да има некоја изборна програма која ќе се сведе на ветувања за поголеми индустриски капацитети, за поголема вработеност, но тоа мислам дека нема да се случи.

Во ова излагање нема ниту еден збор за директните странски инвестиции, нема за фактот дека Република Македонија во регионот, вклучувајќи ја и Албанија и Србија и Црна Гора стои најслабо како земја во која се остваруваат директните странски инвестиции. Нема, затоа што паралелно на таа констатација ќе дојдат констатациите дека бизнис климата не е подобрена, дека капацитетот на администрацијата е слаб, дека владее политика на договарање во четири очи, дека борбата против корупцијата не е изострена и дека правосудниот систем не е доволно ефикасен да овозможи правен поредок во кој секој субјект и домашен и странски ќе се однесува еднакво на пазарот. Тоа го нема и како политика може да се сака, но овде во Буџетот не се препознаваат, да речам полугите и финансиските поддршки на тие политики како ги викаат за да бидеме сигурни дека оваа состојба ќе биде надмината.

Овде министерот ни кажа една работа за која мислам дека и самиот треба да подразмисли, кога рече дека од четири критериуми од Мастрихт ние сме биле со три реализирани. Мислам дека е преамбициозно во земја во која така да речам автархична економија владее, која е во редот на земји во кои постои сива економија, се наведува во тие, со поголема, некаде се мери и со 40%, да се убедуваме дека сегашната инфлација е држена под контрола заради строгата идна монетарна политика, дека е фактор кој може да го земе Европа како клучен за да ние одиме кон воведувањето на Европа. А, нашиот денар нема шанса ниту на една котација да оди на ниедна берза. Според тоа, имаме уште многу километри, така да речам, да поминеме во економијата и во државата за да дојдеме на тоа убедување дека ние можеме да воведеме евро како платежно средство.

Една од главните критики кои ни се упатуваат е всушност даночната политика. Ние направивме некои реформи, но воглавно тие беа до 2002 година. Сега спроведуваме еден терк на макро-економска политика и една буџетска политика која ја третираме како стабилизација и ништо понатаму од тоа. Дури не размислуваме освен во онаа смисла во која Буџетот се формира од да речам со закон задолжителните давачки, значи, овде во кажувањето беше потенцирано дека 85% од трошоците на Буџетот се со закон ограничени. И сега ние немаме анализа, освен за оние производи кои се доведени во договорна обврска со Светската трговска организација, или со Времената спогодба за трговска соработка со ЕУ каде што по сила на нештата се намалуваат царинските давачки. Ние немаме анализа кои се тие производи што ако ја намалиме царината на репроматеријалите ќе ја зголемиме ефикасноста на домашното производство и ќе ги направиме конкурентни за извоз. Како ќе биде поттикнат извозот кога овде се потенцира во проценки, ако ние не создадеме услови за конкурентност. Тоа ние не можеме да го направиме прво, заради прецентостa на денарот и тоа е една тема која во стручната јавност се отвора, меѓутоа во политичката никако да се отвори.

Второ, пазарот на работна сила кај нас покажува некои дивергентни појави, секаде околу нас постои огромна конкурентност. Кај нас е голема невработеноста, а платите растат. Се поставува прашање на што се должи тоа? На друга страна во политиката на Владата не гледаме како се освојуваат одредени позиции кои уште во 2001, 2002 година сме ги најавиле како политика која треба да се оствари во односите со ЕУ како што е стекнувањето на дијагоналната акумулација заради стекнување право на Република Македонија во оние гранки каде што трудово интензивно настапува да може нешто повеќе да направи да не остане на принципот на лон и на ниската заработувачка при вработувањето. Ако Владата направила малку напор и се откажала од близу 400-тини тарифни броеви да ја намали царинската давачка на репроматеријалите и види дека ќе ги мултиплицира ефектите во производството и ќе создаде конкурентска можност барем на околните пазари. Таква анализа нема и овде се следи еден чиновнички пристап во тој дел, ниту таму ниту ваму. Истото се однесува и со давачките околу персоналниот данок. Па нема странски вложувања ако нема ослободувања од даноци. Сега после овие закони, после овој закон доаѓа законот за оданочување на капитална добивка. Ќе го дискутираме, да видиме дали трендот на пост-приватизација кај нас е започнат воопшто. Ние заради лошиот модел на приватизација и лошото менаџирање со постоечките капацитети, ние не овозможуваме свеж капитал. Една мала група

олигарси кои ги запоседнаа тие стратешки фирми во Македонија го држат целиот бизнис во Македонија, го шират целиот бизнис во Македонија, ефектите од нивното работење никаде не се гледаат. Само во Македонија во наши услови нема Брендови кои доаѓаат да бидат заинтересирани да инвестираат во некое производство, да бидат регионални конкурентни и да извезуваат. Едноставно што е тоа што ние треба да го промениме за да излеземе во Европските рамки и да бидеме конкурентни и да создадеме нова вредност. Со ваквиот однос странските директни инвестиции многу тешко ќе доаѓаат заради тоа што мотивите да инвестираат во Македонија се многу мали.

На секторот на банкарскиот систем имаше порано некои реформи, но не се довршени. Има странски банки кои дојдоа овде само заради привилегираните услови што им ги дадовме, како што беше случајот со Стопанска банка кога Македонија ги презеде сите дубиози и обврски преку Агенцијата за санација на банките и тоа беше нужно зло, така да кажам, во еден период заради создавање на амбиент на банкарскиот систем. Но, сега, тој треба понатаму да доживее развој. 17 штедилници, Македонија има во европски рамки најслаб повраќај на кредити од банки. Експертите се чудат како можат банките да даваат кредити, а не се заинтересирани да си ги вратат парите. Само во Македонија може да се лиценцираат директори на банки кои имаат криминално досие. Само во македонија може да се отвори афера за директор на банка, а акционерите да немаат реакција за да го заштитат угледот на банката и да не влијае на нивното акционерство. Значи, една апатија во банкарскиот систем кој се сведува на тромост на нашите банки, незаинтересираност да инвестираат во проекти заради високиот степен на ризик, а од друга страна комотноста која заради односот на Централната банка преку благајничките записи го имаат пасвордот на своите средства. Значи, овде практично низ буџетот не ја гледаме таа реформа во кој правец оди и како се поддржува.

Да се навратам на прашањето на јавниот долг. Се разбира дека тоа е жежок костен на секоја Влада, па и на оваа и добро е што министерот со систем на селекција ни издвоил периоди кога оваа Влада била најуспешна во тој дел и дека тој јавен долг паѓа. Ни укажува дека во уводното излагање не подучува дека внатрешниот дефицит на Буџетот ќе се решава преку нови задолжувања, немало да се користат средствата од продажбата на акциите од Телеком и од Електростопанство на Македонија.

Тоа е како во едно семејство дали ќе платите од левиот или од десниот џеб. Тоа тука што зборуваме дека сме ги надминале девизните резерви од проектираните се со цел да може државата да биде солвентна пред странските финансиски институции да се задолжи повеќе. Во целата таа работа кога ќе ги додадете и обврзниците кои министерот овде ги спомна, ќе видите дека многу не сме се помрднале во враќањето на јавниот долг. Според тоа, додека не почнеме да размислуваме како да го полниме Буџетот, какви инвестиции да направиме, од каде да предизвикаме нов вредност, многу малку ќе можеме да придонесеме за развојот на Република Македонија и овде во овој Буџет за идната година капиталните инвестиции се сведуваат на оние традиционални инвестиции во изборна година, патчиња, трафостаници и тн. а овде нема нешто заради кое Македонија може да каже дека клучно ќе ја подобри нејзината инфраструктура.

Се на се, мислам дека овој Буџет не заслужува поддршка и од тука ние ќе бидеме воздржани за овој Предлог-буџет. Благодарам.

**Гзим Острени:** Благодарам.

Има збор господинот министер Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас нема да спорам со политичките ставови на дискутантот, тоа е негово право, меѓутоа, да се прави обид со логицирање и логично размислување да се негираат фактите во Република Македонија не е нивото на кое можеме во Парламентот да водиме дебата за Буџетот. Еве еден конкретен пример. На пример, јавниот долг во Македонија го намалуваме секоја година, тоа го кажав и нема што да го повторувам. Ако сега треба да се убедуваме после секој настап врз основа на моментна инспирација на некој пратеник дека неговите логицирања се дека па еве има тука некое задолжување, па врз основа на тоа јас не гледам дека се намалува, практично се зголемува и тн., нема логика од дебата. За да избегнам одење во такви детали, само сакам да кажам дека најголем дел од податоците кои господинот Крстевски сакаше да ги соопшти се погрешно изведени заклучоци и не базираат на факти и врз основа на тоа слободно можам да кажам дека 90% беа спротивни на стварноста на Република Македонија. Благодарам.

**Гзим Острени:** Благодарам министре.

За реплика се јави господинот Крстевски.

Повелете господине Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Му благодарам на министерот за репликата. Еве, и во оценката извлече процент, 90%, значи некаде бележи нешто што како податок не можам да го разберам зошто е 90%, а не е 85%, но тоа што мисли министерот ако долгот го водел во долари, па сега ќе го води во евра, иако календарски обврзниците ќе ги префли во наредната година и со тоа денес ќе биде во право, тоа е само залажување и мислам дека тоа не води кон вистината. Благодарам.

**Гзим Острени:** За реплика се јави министерот за финансии. Повелете, контра реплика.

(Реакции од некои пратеници).

Јас се извинувам, јас го прекршив правилото. Повелете министре.

**Никола Поповски:** Јас сум предлагач на материјалот и имам право секогаш да побарам збор.

Само сакам да кажам дека на ваков начин водена дебата ќе го допре дното од кое нема да имаме ситуација во која можеме да водиме дебата натаму. Благодарам.

**Гзим Острени:** Има збор пратеникот Славе Арсоски.

**Славе Арсоски:** Почитуван потпретседател, почитуван министер, колеги пратеници,

Секако, Буџетот дава рамка да се зборува и политички и опширно и јас би сакал да се задржам сепак на фактите, проекциите, реалностите и приликите кои се сака да се постигнат со овој, според мене најважен документ кој го носи Парламентот на крајот на годината, кога се сведуваат сметките и се предвидува што ќе се слуува во наредната година. Секако, би се осврнал глобално и од бројчан аспект на некои состојби кои се предвидуваат и кои треба да се рализираат во наредната година. Дефакто и оваа година како и претходната имаме едно транспарентно донесување на самиот Буџет, каде што се гледаат сите цели и намери кои се сака да се постигнат.

Пред се сакам да истакнам дека основните приоритети кои сака да ги реализира Владата во наредната 2006 година, гледано краткорочно од една страна, а секако и постигнување и реализирање на среднорочни стратешки приоритети од друга страна, на нашата земја, сметам дека во суштина ќе се реализираат, а пред се мислам на одржувањето на макроекономската стабилност. Тука не сакав да реплицирам на господинот Иванов, кој не е тука, бидејќи пред јавноста изнесе една невистина поголема, од аспект дека добивањето на кандидатскиот статус на Република Македонија, кој сите сега го фалат, а до пред некое време сите беа критички настроени, посебно од опозицијата кон истиот кандидатски статус, се случил исклучиво поради имплементирање на Рамковниот договор, што не е точно, туку се случи и поради други перформанси кои се случија во нашата земја, токму и таа макроекономска стабилност која во континуитет неколку години се случува кај нас како битна компонета, се разбира, во целокупниот општествен и економски живот на нашата земја, растот на индустриското производство, одржливо ниво на инфлација, намалување на трговскиот дефицит, намалување на дефицитот на тековната сметка, раст на бруто општествениот производ, дисциплинирана фискална политика, релаксирана монетарна политика и тн. Непобитен е фактот дека и овој Буџет е конципиран врз база на позитивните економски движења, прашањето колкави се истите-важно се позитивни, кои се случија во 2005 година, во овие сегменти кои претходно ги спомнав и врз база на истите е направен односно проектиран Буџетот за 2006 година.

Се поставува прашањето дали предвидените проекции ќе се остварат краткорочнмо во 2006 година, како истите ќе придонесат во реализација на стратешките среднорочни цели на Владата, односно на нашата земја. Според мене, реално е да се очекува дека позитивните движења кои се остварија во 2005 година како такви ќе продолжат и во 2006 година. Предвидената стапка на растот на бруто општествениот произвор, кој е предвиден на околу 4%, ќе се оствари, можеби сум оптимист после она што ни се случи пред неколку дена односно со добивањето на кандидатскиот статус дека овој раст можеби ќе биде и поголем, бидејќи сега се менуваат и условите, односно сметам дека и влезот на странските директни инвестиции, односно инвеститорите во нашата земја ќе биде едноставно ослободен и на тој начин тие економски движења би добиле еден пат на поголеми, што ќе придонесе за реализацијата на тој раст на бруто општествениот прозивод.

Морам да истакнам дека растот на бруто општествениот производ од 4% како стапка често пати некој ја критикува дека е мала и не одговара на состојбите во нашата земја. Дефакто многу е битно прашњето дека овој раст на бруто општествениот производ се случува континурано во неколку години со стапка 3-4%, многу е лошо за секоја земја, а посебно и за нашата, кога би имале циклични пореметувања на растот на бруто општествениот производ, па една година да имаме можеби 5%, следната да имаме 1% или некоја минусна стапка, што целокупно би делувала на целокупните економски параметри кај нас. Сметам дека во реализацијата на овој фундамент Владата сигурно ќе преземе мерки во правец на остварување на оваа стапка на раст на бруто општествениот производ.

Често пати сакам нешто да истакнам во врска со инфлацијата, која е предвидена на едно пониско ниво оваа година и во наредната година и често пати има критика дали на нашата земја и е потребен низок степен на инфлација, односно стабилен курс на денарот, или другиот концепт кој што некој го заговараше овде и пред мене од дискутантите. Во денешни услови на развој на Република Македонија сметам дека степенот на инфлација кој што е предвиден одговара на целокупните економски состојби. Навистина инфлаторните тенденции, односно висок степен на инфлација негативно би се одразиле врз целокупните економски состојби. Од една страна, треба да се каже дека инфлацијата значи зголемување на цените, во таа таканаречена кошница сите цени би се зголемиле, тоа би делувало и врз психолошките моменти на граѓаните на Република Македонија. Затоа сметам дека оваа инфлација кај нас како таква е проектирана и како таква треба да ја прифатиме. Во тој правец, и во наредната година мора да има одлична координација меѓу фискалната и монетарната политика, при што мора да се води

сметка на полето на буџетската политика, односно мора да се продолжи со билансирање на буџетската потрошувачка, изразена преку буџетскиот дефицит на Централниот буџет, кој е предвиден на околу 0,6%.

Тука би сакал да кажам неколку зборови-не е тука господинот Ѓорчев, но сметам дека предвидениот дефицит одговара на целокупните економски состојби. Треба да се каже на јавноста и грааните да знаат дека што е поголем дефицитот тоа значи да се потроши повеќе од она што е прибрано. Тоа е исто како во некое семејство кое има примања од 10 илјади денари, истото да потроши 20 илјади денари еден месец, па вториот и третиот месец да троши, а се знае дека тоа семејство ќе пропадне. Секое покривање на дефицитот може да се изврши само со задолжување. Дали тоа ќе биде преку земање соодветни кредити, дали тоа ќе биде преку издавање на соодветни обврзници и тн., битно е дека тој дефицит мора да се покрие. Мене ме радува фактот на сериозноста на оваа Влада. Знаеме дека сме во изборна година и ако сериозно не се предвидат работите што треба да се одвиваат, можеше да се направи дефицит од 3,4 или 5%, имаше некои споредувања тука господинот Ѓорчев, па не споредуваше со Франција, Англија, тие имале дефицит од 2-3% и тн. Камо среќа приликите кои се во Франција и Англија да се и кај нас, но различно е. Различни се приликите кај нас со приликите во Франција и затоа тој дефицит мора да биде на тоа пониско ниво. Ние имаме случај во 2002 година, вие сите знаете за тоа, во таа изборна година имавме огромен дефицит. Тогаш се создаде огромна дупка во Буџетот од 4 до 5 милијарди денари, а последиците се чувствуваат наредните неколку години. Начинот да се покрие: фактички се задолжуваме, вие гледате дека и во расходниот дел на Буџетот се предвидени огромни средства за враќање на соодветни долгови некогаш што се направени и оваа година можеше да се направи поголем дефицит, да се потрошеше повеќе отколку што треба, да се потрошеше за изборни цели и тн., но не се направи и токму тука е таа сериозност на Владата. Затоа никој од опозицијата во тој контекст не дискутира дека овој Буџет е изборен и тн. Значи, треба да се троши онолку колку што се прибира, односно приходите треба да се усогласени со расходите. Во тој контекст, таа конфронтација со господинот Ѓорчев, каде што е приврзаник на огромен дефицит, веројатно од гледна точка на опозиција тоа го дискутирам, а кога би бил на местото на парламентарното мнозинство сигурно така не би се поставил како што неговите гледишта односно концепти во делот на соработката и склучувањето на аранжманите со ММФ или Светската банка како институции кои фактички не потпомагаат во реализација на целокупните реформи кои се прават во нашата земја. Ние знаеме дека во 2002 година тие преговори не беа ни склучени.

Сега би се осврнал малку на самиот приходен и расходен дел, би кажал неколку работи.

Во приходниот дел, најголемо учество во самиот Буџет имаат приходите по основ на ДДВ, акцизите, персоналниот данок и тн. и тн. Сметам дека и минатава година посебно, Министерството за финансии во тој сектор оствари забележителни резултати, односно предвидените средства веројатно на крајот на годината и со соодветен процент ќе бидат зголемени, што не значи од друга страна дека нема простор во делот на прибирањето на приходите за истите средства да се зголемат и да имаме поефикасно наплатување на истите давачки од страна на сите субјекти. Во таа нсока што побрзо треба да се донесе законот за даночна постапка, кој закон, како прва фаза помина во овој Парламент, каде што процедурите за наплата на самите давачки ќе бидат позаострени, поефикасни и тн. Потоа, Законот што го донесовме за Управата за јавни приходи, потоа е добро предвидувањето каде што ќе се отвораат даночни одделенија во најголемите плаќачи на даноци, односно големите фирми, па на еден начин, таа, таканаречена сива економија, односно евазија што се јавува, иако сметам дека во овој период е драстично намалена, ќе придонесе приходите по основ на овие давачки да бидат поголеми. Мислам дека тука не треба да има милост према никого кој е обврзник односно треба да ги даде давачките кон државата.

Овде сакам да истакнам едно прашање до министерот. Често пати ме прашувале, да ви кажам искрено, во делот на капиталните приходи што се предвидени некаде околу 500 милиони денари по основ на приходите од општествените станови и од приходите од продажба на градежното земјиште. Има простор тие приходи да се поголеми. Го донесовме Законот за приватизација на градежно земјиште, работата е некаде стопирана, па доста луѓе прашуваат зошто тоа не се реализира и тн. Во делот на предвидените средства што треба да се приберат по овој основ има простор истите средства да бидат поголеми како приход во самиот Буџет, односно во тој приходен дел.

Во делот на расходите, сите сме свесни дека структурата на расходниот дел во самиот Буџет можеби е неповолна. Самиот министер истакна дека над 85% од прибраните средства ќе се трошат за недискрециони трошоци. Состојбите се такви какви што се, односно останува многу помал дел за, или оној дел, таканаречен развоен дел, односно развојната компонента во самиот Буџет, имајќи ги во предвид наследените состојби и проектираните цели и токму во таа насока дека самата структура во моментот не одговара, но таа е изнудена како таква и како таква мора да се реализира.

Тука би истакнал, иако не се поголеми, од друг аспект, предвидените средства, како расходен дел, што се предвидуваат за нововработени, оние 100 нововработени што ќе бидат на трите универзитети во нашата земја, односно

најдобрите студенти кои излегуваат, го завршуваат школувањето на нашите факултети. Навистина, тоа е суво злато и добро е, не само 100 можеби 300 и 500 да се вработат најдобрите студенти, бидејќи тоа е фактички инвестирање во нешто што ќе придонесе за некои позитивни ефекти во некој нареден период. Бидејќи, апсорпцијата на тој ум, често пати ја напушта нашата земја и одат во други земји, така што нивните способности, креативности, квалитети ги користи некој друг. Да се разбереме, сепак, во Европа се оди со млади, способни кадри, се оди со кадри кои знаат многу јазици, се оди со кадри кои знаат компјутери. Не се оди со кадри , сам си кажа господинот Иванов дека со отслужени кадри тешко се оди во Европа. Сепак, на младоста, креативноста, способноста да им дадеме можност односно да ги вклучиме во целокупниве економски текови и на тој начин да изградиме менаџери кои побрзо ќе не приближат до она каде што ние сите сакаме.

Затоа велам дека не само со тоа, туку и повеќе квалитетни млади кадри да се апсорвираат и таквите трошоци се разумни според мене. Не се некои трошоци од некој друг карактер, туку трошоци кои што се вложуваат за во иднината. Ние имаме некои системи кај нас, во ЕСМ, или Железница, со такви мена

Затоа велам дека не само со тоа, туку и повеќе квалитетни млади кадри да се апсорвираат и таквите трошоци се разумни според мене. Не се некои трошоци од некој друг карактер, туку трошоци кои што се вложуваат за во иднината. Ние имаме некои системи кај нас, во ЕСМ, или Железница, со такви менаџерски тимови се среќаваме се повеќе, кои што не можат да се носат со времето. Добро е Владата што предвидува и такви средства во делот на финансирањето на ваквите кадри. Излезе министерот, не е битно, но често пати жали за Законот што го донесовме за продолжување на стариот Закон за пензионирање, каде што одредени луѓе ќе си заминат во пензија и ќе се ослободат соодветни места токму за ваквите млади луѓе и кадри кои што ги имаме во нашата земја и треба да ги искористиме. Затоа велам дека можеби е диреkна развојна компонента. Спомнав дека таа развојна компонента не е на доволно ниво, но сепак многу е побитно и овие средства кои што се предвидени за капитални инвестиции истите да се искористат. Оние институции кои што фактички аплицираат да ги користат тие средства, да не ни се случи како пред 2 години одредени средства за капитални инвестиции да останат неискористени. Мора да се искористат, без разлика во која големина се. Камо среќа ние сега да имаме во овој Буџет предвидено уште средства за гарантниот фонд кој го донесовме со ребалансот на Буџетот. И тогаш опозицијата многу критички се осврна, тогаш се одделија околу 275 милијони за гарантниот фонд од кои средства ќе се поттикнуваат малите и средни претпријатија кои требаше да придонесат за зголемвуање на вработеноста.

Се на се може да се констатира дека овој Буџет е фактички една реална слика на состојбите во нашата земја од било кој аспект и ги изразува тие фактички состојби. Сметам дека како таков ние како пратеничка група на СДСМ ќе го подржиме и за истиот позитивно ќе се изјасниме. Благодарам.

**Гзим Острени:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Ванчо Стаменков.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Колегата Славе, свесен сум за тоа дека има право на сопствено мислење, но премногу се осврна на тоа кој пратеник што кажал. Сметам дека тоа не е во ред.

Во однос на неговото излагање како реплика можам да кажам дека кога кажа за дефицитот за задолжување е сосема погрешна теорија, сметам дека споредбата со македонското семејство дека македонското семејство ако потроши повеќе од тоа што има пари ќе биде задолжено факт е дека е точно тоа дека сите македонски семејства живеат на кредит и се задолжуваат кај банките за да преживеат. Скоро сите, можеби над 90% ќе земат еден минимален кредит за да си ги платат сметките за електрична енергија и да одделат нешто за живот. Друга работа е ако вие парите кои што ги предвидувате да ги земете како кредит или дефицит да ги искористите за инвестиции, наменски инвестиции кои што ќе го оплодат капиталот и ќе доведат до вработување на нови лица кои што остваруваат преход, кој што ќе влезе во бруто домашниот производ и ќе го зголеми. Тоа се различни работи...

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски).

и незнам како да не се разбираат тие работи. Тоа е целта на тој дефицит и народот во државите посебно кои што се во тешка економска состојба го предвидуваат со Буџетот. Значи, со тие пари нови инвестиции кои ќе придонесат за нови вработувања со тиес редства што ќе бидат предвиденикако дефицит во Буџетот.

Инаку, нормално е дека како пратеник од позицијата да го брани Буџетот, да нема забелешка и нормално да го подржи. Ако вие како пратеници од власта не го подржите Буџетот тогаш Владата треба да си даде оставка. Благодара,

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Славе Арсовски, една минута.

**Славе Арсовски:** Колега Стаменков можеби споредбата не е соодветна, но мислата е соодветна. Македонија е едно семејство. Македонија мора да води сметка колку ќе се задолжи и како истиот долг ќе го врати. Ние не можеме да потрошиме нешто што го немаме. Ние можеме да направиме дефицит од 5% и да се задолжиме некаде 4-5 милијарди денари и истите средства да ги пласираме, ама тој долг некој треба да го плати односно истиот некој треба да го врати. Видете во расходниот дел и ќе видите таму дека оваа година само по основ на враќање

на камати на некои долгови колку поголем процент треба да вратиме, некаде околу 30%. Затоа мислам врз база на реалните состојби и реалните показатели треба ние да го креираме тој дефицит и апсолутно сум на ставот ние како држава да имаме дефицит односно тоа задолжување да не биде така високо.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам, господине претседателе.

Почитуван минситре, почитувани колеги,

Еве јас ќе се обидам да изнесам мое видување кон ова што го добивме како материјал од ваша страна изработен како Предлог буџет за 2006 година, ќе се обидам од она што го расправавме на нашите комисии, од она што денеска го слушнавме тука, од вашето експозе, одговорите на нашите колеги пратеници како од опозицијата, така и од позицијата да изнесам мое видување за сето ова.

Јас би започнал со една забелешка првична, затоа што и минатата година при донесувањето на Буџетот, многу од колегите пратеници тука говоревме, се донесуваме во ситуација почнувајки од денес, дали тоа ќе биде 31 или можеби порано при донесувањето на Буџетот, ова што денеска го говориме едноставно на крајот после изгласувањето на амандманите, дали ќе биде за или против, ние да го донесеме Буџетот.

Значи ова што сега го говориме секој од нас е тоа што можеме да се искажеме по Предлог на Буџет. Јас мислам дека и вас министре, и колегите пратеници во многу комисии би било многу подобро во текот на целата година да се работи на овој Буџет. Значи средствата што ги имаме се тие што ги имаме, затоа што се случувало години наназад самите многу минситри да бидат променети затоа што не ги искористиле средствата од Буџетот кои биле предвидени за трошење и покрај она што многу често кажуваме дека средствата се минимални, дека тие не можат да не одржат, и да го одржат растот на Република Македонија, но во секој случај мислам дека тука е домот во кој што би требало да се разговара и кога ќе дојдеме со еден таков предлог поминат низ сите комисии со една ако треба и во последниот квартал од годината и со амандманска расправа, она што можете да го прифатите да го прифатите и овде едноставно за Буџетот и да не разговараме. Мислам дека тогаш ќе имаме некој концензус и некое право за кое што сите заедно ќе може да кажеме дека донесовме Буџет.

Вака нашите забелешки како опозиција, едноставно на крајот на краиштата и покрај тоа дали ќе биде свирење, тропање, илијада амандмани или не знам што, овој Буџет ќе биде донесен и тоа е она што на крајот на краиштата Република Македонија во 2006 година ја очекува. А тоа што ја очекува кажаа и моите колеги, значи во оваа година пораст на бруто домашниот производ од 3,8%, за наредната година предвидувате 4%, инфлацијата на ниво 0,7% предвидена за крајот на оваа година 1,2% , но и во вашето експозе во врска со ребалансот на Буџетот за 2005 година, имаше спомнување дека вториот дел, значи последниот квартал на 2005 година се очекува покачување на електричната енергија и на енергенсите и со тоа ќе требаше да се добие покачување на комплетната инфлација на тие 1,2%,но тоа не се случи. Еве овие денови после кандидатурата, ние добиваме една потврда од премиерот дека тоа нема да се случи и наредната година. Тука многу со колегите од позицијата споревме за тоа колку ќе биде тоа покачување, дали ќе биде 18, 20 , 70, двапати , трипати, и сега испаѓа дека некој со еден потег, сето тоа кажува дека апсолутно нема покачување, дека Регулаторната комисија нема за што да размислува и што да работи, и покрај тоа што разгледувајки го нивниот финансиски годишен план, тие имаа толку многу работа што нивните плати стигнаа многу поголеми од вашата министерска, може помножена по два или по три, а тие луѓе ги бираме ние тука во Парламент. Но тоа е факт и тоа е вистина.

Многу од она што го говоревте, мислам дека едни од клучните прашања за кои што треба да проговориме и вие во вашиот Предлог буџет го имате дадено, тоа се неколку сегменти кои што би опфатиле какви се вашите програми во однос на надминувањето на она што значи невработенсот, во однос на она што значи сиромаштија, социјални компоненти и останати други работи, кои што во овој момент Република Македонија и граѓаните на Република Македонија најповеќе ги интересира, освен она што не го знаат, ако е што треба да го знаат, што понатаму не очекува како држава од аспект на економијата, од аспект на енергетската сфера и од аспект на она што приближувањето до Европската унија донесува.

Значи, би почнал со ова што вие го имате во Предлогот на буџетот и би ги запознал граѓаните дека, ќе цитирам "како резултат на остварениот економски раст во повеќето сектори и позитивни движења во 2005 година се регистрирани на пазарот на работна сила, при што во периодот јануари-септември 2005 година е евидентирано засновање на 102.114 нови работни односи. Притоа на годишно ниво вкупниот број на нововработени лица е зголемен за 27%, додека само во септември е остварен рекорден број од 18.494 нови вработувања. Зголемување од над 4500 нововработени лица или 33% во однос на септември 2004 година.".

Господине министре, овие 102.114 нови работни односи, остварениот рекорден број од 18.494 нови вработувања и според денешното ваше искажување во експозето дека бројот на невработените е 365.197 луѓе е намален за 29.000 и последната компонента од сето ова дека во однос на преземањето на власта на 1 ноември 2002 година, кога ВМРО-ДПМНЕ имаше вработено повеќе од 150.000 сега вие имате

9.000 луѓе вработено повеќе отколку што биле 2002 година. Вие дојдовте на власт 2002 година поради една работа, ќе ја решите сиромаштијата, која што во овој момент е 600.000 луѓе кои што се засегнати со социјалните фондови и двања и невработеноста, која што во овие 3,5 година успеавте да ја намалите за 9.000 луѓе.

Јас не знам што е и како е во однос на она што го предвидувавте, но во секој случај ќе ве замолам за една работа.

Веќе 2 години од Буџетот се даваат пари за вработените кои што се вработиле по популарниот, меѓу народот, за мене е непопуларен Бранков закон со кој што и ден денес после 2 години од вашиот Буџет се префрлуваат средства за тие што се вработиле крајот на 2003 година. Тогаш се постигна еден рекорд во месец декември да бидат вработени 12.400 вработени. Значи тие 12.400 вработени, добро е што во Република Македонија Божиќ е после Новогодишните празници, затоа што не ќе можеа да стигнат ни да се вработат, но сега гледаме нов рекорд - 18.494 нови вработувања во еден месец. Ако направиме една споредба дека Рударско-енергетскиот комбинаат Битола има околу 2.500 вработени и ако тоа го помножите ќе стигнеме во една ситуација никој да не ви верува дека во еден месец може такви 7 комбинати да добијат работни места во Република Македонија. Јас не верувам во ова, ние можеме да смениме не три, 13 директори за статистика и да имаме податоци кои што ќе ни одговараат во секој случај, но тоа е само за дадениот момент. Ако е со ваква бројка на вработеност и ваква тензија од 102.000 за 9 месеци, до крајот на годината претпоставувам дека ќе има условно уште 50.000, а сигурно 30.000 ние ќе го решиме проблемот до наредните избори. Сега гледаме луѓе без работа нонстоп во сите ваши минситерства. Поголемиот дел од средствата што ги оделувате од Буџетот се токму за оние кои што се избркани од работа. Токму за луѓето кои што немаат повеќе средства, на кои што треба да им се плати и пензиско и инвалидско осигурување, токму за оние луѓе кои што се надвор од работните односи, а ние кажуваме дека во меѓувреме сме вработиле огромен број на луѓе. Значи овој Буџет гледајќи го така како што е, со ова што го нудите во однос на решавањето на сиромаштијата јас едноставно бев фрапиран затоа што поттикнување на вработувањето, значи уште се повикувате на Законот за поттикнување на вработувањето од 2003 година, или Бранковиот закон. Расходите се оттаму. Реформа на системот на социјална заштита повторно го имаме истото, каде што таа социјална заштита е одземена на многу луѓе кои што ја заслужувале и тие илјада или двеилјади денари што ги земале и тие ги немаат повеќе. Сега изненадувањата следат.

Под Б-3 - назнака електрификација на села опфаќа спроведување на електрична енергија во неразвиените рурални подрачја. Целта на оваа програма е да се поттикне задржувањето на семејствата во селата или нивно враќање во истите, бидејќи со достапноста на електричната енергија ќе се подобри квалитетот на животот. Во 2005 година обезбедена е електрична енергија во селата Калин Камен и Подржикоњ и Карабуништа. Па, господине минситре на почетокот на третиот милениум ние сакаме да ги задржиме луѓето во селата, во селата нема никој и сега ние ќе правиме електрификација и понатаму петогодишни планови со кои што ќе ги враќаме луѓето во селата.

Реконструкција на куќи и ревитализација на кризните региони. Вие сте сведоци што се случува во однос на социјалната сфера поради незавршени токму овие работи. Значи, тие реконструкции на куќи и ревитализација може завршија за некој, но за поголемиот дел што се останати и понатаму по хотели, по домови, по социјални установи мислам дека апсолутно нема решение и тоа треба да го направиме што побрзо. Ревитализација на села апсолутно таква ситуација не гледам и рурален развој, пилот проект за користење на структурните фондови. Ова е се што вие го предвидовте како мерки за намалување на сиромаштијата.

Сиромаштијата таму каде што ја лоцирате со овие програми што ги кажав мислам дека апсолутно се дефокусирате од проблемот затоа што сиромаштијата е многу длабоко навлезена во градските средини и тоа што го гледам околу нас, за жал, тоа е вистината така да од ова поголема сиромаштија не може да има. Бројот од 600.000 луѓе значи некаде околу 30% од вкупниот број на население е катастрофална состојба за која што со вакви реформи кои што вие ги предвидувате апсолутно ништо не ќе можеме да направиме и сигурно како и досега нема да направиме повторно.

Понатаму кажувам еза задолжувањата, затоа што во комплетниот Буџет како што е вака дефиниран се состои од неколку делови и тоа за плати, наемнини и надоместоци имате 39% од вкупниот расходен дел.

Социјални надоместоци 30%, камати 5% и до единиците за локална самоуправа 3%, или ова вкупно е 77% од расходниот дел во вкупниот Буџет на Република Македонија.

Значи за развој останува 23% материјални расходи и субвенции, од овие само 14% развој и сега се ќе беше во ред доколку во Република Македонија токму во оваа година имаше директни странски инвестиции кои што ќе обезбедеа вработувања на овие 102 илјади што ги вработивте, или во септември 18 илјади. Значи, очекував некои рударски комбинати, отворање на нови рудници, отворање на нова топилница, на незнам кој, некој голем објект кој што би можел да вработи барем илјада луѓе кои што ќе можеме да ги преброиме. Вака, апсолутно нема ништо, но, вие продолжувате. И без разлика, претходно, колегата Славе Арсовски кажа дека задолжувањата и дефицитот во однос на она што треба да го имаме треба да бидеме

домаќини. Е, сега колку сме ние домаќини, тоа треба да ни кажат некои после 4-5 години кога ќе дојдат за отплата вашите кредити со грејс период од 4-5 години кои што се за покривање на овие дупки во Буџетот, кои што апсолутно ненаменски, според мене се искористени, затоа што во овој момент, еве јас ќе ве замолам од оваа говорница, уште еднаш, што е во ваша моќ, Министерството за финансии и вие како позиција да можеме да обезбедиме еден кредит и да почне со изградба рудникот "Брод Неотино". Затоа што после година ипол од отворањето, таму апсолутно ништо не се случува, за жал, а енергетската состојба е катастрофална. Јас очекував дека денеска или затоа говорам на тие комисии дека ќе седнеме и ќе почнеме да разговараме за она што се клучни теми за Република Македонија, значи за нешто што може утре да не доведе во една катастрофална ситуација од која што и вие нема сигурно да ја избегнете вашата одговорност. Ова јавно го кажувам од оваа говорница, затоа што енергетскиот дел во Република Македонија во оваа ситуација не води само кон она што му се случува на нашиот западен сосед, на Албанија, каде што веќе во моментот има по 16-18 саати рестрикција.

Ако ние многу брзо не интервенираме во тој сектор, и очекував дека денеска ќе кажеме дали вие како министер и Република Македонија има можност да најдеме средства, кредити, задолжувања и тие да ги вложиме во нуклеарната електрана "Белене". Дали конечно дефинитивно ќе ги направиме 400 киловолтните врски со Република Бугарија, Чрвена Могила и Лерин, Битола. Дали ќе почнеме со изградба на "Брод Неотино". Дали ќе почне експлоатација на подинските слоеви, дали за тоа ќе обезбедиме некои средства. Дали можеме да најдеме концесионери за еден Чебрен, за гасната електрана поминаа три ипол години. Ние освен добра желба и ова што кажувате во вашиот дел за енергетика, дека сме донеле закони и дека сме донеле некои ситуации кои што ќе обезбедат финансирање. Е, господине министре, не можеме ние да најдеме сега инвеститор кој што ќе вложи 100 милиони евра, кои што му требаат за отворање на рудникот, а од вкупните средства кои што таму ги имаме можеме и во добивката без никаква експлоатација да бидат 100 милиони или 120 милиони без трошокот кој што треба да се направи за откривка и копање на тој јаглен. Но, Република Македонија треба да размислува за сопствената иднина, затоа што во овој момент има побарување од "Топилница", Скопје за 5 пати зголемена потрошувачка на струјата од минатата година, затоа што ФЕНИ најавува 30% зголемено производство и потреба на електрична енергија и сега се јавува оној проблем за кој што говорам тука три години, ние немаме можност како таа енергија и да ги имаме парите, покрај тоа што кажувате вие дека ги немаме, како ќе ја увеземе таа електрична енергија во Република Македонија.

Сега ние можеме да зборуваме за сто буџети. Кога ќе ви кажам дека Република Бугарија во овој момент има милијарда евра за железниците, ние кажуваме и зедовме сега кредит од некои 15 милиони за да обезбедиме отплата на луѓето што треба да бидат отстранети од "Македонски железници", значи избркани од работа, да се закрпи некоја пруга ако може, ако може да се закрпи некој колосек, дел од тоа, и пак ќе дојдеме, Коридорот-8 сме горди што сме го вратиле на картата на Европската унија, дека може да се разговара повторно. Ние еднаш треба да го завршиме и да знаеме дали одиме на тој Коридор-8, дали Република Македонија има некој интерес или воопшто не размислуваме да го градиме. Ако Европската унија е најблиску до Битола, 14 километри со железници и тоа 20 години стои така без да се промени ниеден колосек, чинам имаме голем генерален проблем. Луѓето стигнаа со 180 километри од Солун до нашата граница, до Кременица, ние од Кременица до Битола не можеме да направиме 14 километри без тунел, без рид, без апсолутна никаква интервенција, со постојачка железничка пруга. Тоа е нашиот проблем. Дали ние воопшто ќе функционираме, затоа што вие многу убаво кажувате, Европската унија.

Европската унија, ќе ве потсетам на две работи, Европската унија со своите стандарди, ова што го имаме сега може и е добро што многу брзо нема да влеземе во неа, затоа што објектите што ги имаме, говорам сериозно, незнам како ќе ме сфати некој, затоа што објектите што ги имаме еколошки апсолутно не задоволуваат никакво работење во Европската унија. Ќе дојдеме во крајно критична, катастрофална состојба и тоа што може, и сега што работи во Република Македонија, нема да работи. Најосновниот пример еве ја термоелектраната во Бугарија Вовов Дол, за која што мислевме дека е продадена на Грците, тендерот е растурен и затоа што треба да се задоволи десулфуризацијата и треба да се поставаат нови филтри, што е некаде околу 45-50% од вредноста на термоелектраната. Што очекуваме ние? Ние говориме за модернизација, правиме автоматизација во електраните а немаме јамија. Каде се движиме, незнам.

Јас уште еднаш ќе ве потсетам и ќе ве замолам ако тој проблем зависи од Министерството за финансии, од премиерот ние мора под итно тоа да го решиме , затоа што имавме 45 милиони евра за пред приватизација на ЕСМ вие ги спомнувате и во овој Буџет, колку што ме служи памтењето, 690 милиони денари кои што оваа година како транша од пред приватизацијата треба да ги добиеме, инаку вкупно се 45 милиони евра и ние сега дефинитивно имаме проблем. Вие средства што сте предвиделе за развој во електростопанството, за ова што го кажувате, за продажбата на Електростопанство "Дистрибуција" , мислам дека стратегијата на Владата е комплетно погрешна и води во погрешна насока, така да можеби е добро овие

препораки за стопирање на се и до влезот во Европската унија апсолутно ништо да не се пипка, апсолутно да не се сомневате ниту во менаџерските тимови, тие може да бидат засилени, но човек што ќе дојде и што ќе инвестира 100 милиони евра, да не може да ги врати за 6-7 години, таков нема да најдеме на овие простори и малку подалеку и покрај тоа што може да не сака, да биде заљубен во Македонија, можеби и Македонец кој има многу пари, но тешко затоа што профитот е тоа што носи и што ќе ја носи Република Македонија надвор. Тоа сигурно на овој начин не го предвидуваме.

Интересен кредит за кој што апсолутно колегите не покажаа интерес беше кредитот кој што пред неполн месец овој Парламент го изгласа, тоа е кредитот за задолжување кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светската банка по договор за првиот програмски заем за развојни политики ПДПЛ-1. Сега со овој Предлог на закон вие го убедивте Парламентот се надева со подобрена регулаторна рамка и рамка за имплементација за стечајни случаи. Сето тоа ќе беше во ред доколку ги немавме случаите со ЕМО, доколку го немавме случајот со Тиквеш, за што се отвори една јавна дискусија, се отворви нешто што и вие како министер бевте директно вклучени во сите тие расправи и мислам дека ова апсолутно не е регулирано, а не да одиме во втора фаза каде што ќе треба да добиеме нешто повеќе.

Понатаму, зајакнувања на усогласеноста на банките со условите за спречување на перењето пари и борбата против финансирањето на тероризмот. Сега јас прашувам каде се резултатите. Ова требаше да го направите до 30 септември 2005 година. Сега ни се случува афера каде што се вклучени претседателот на државата и бившиот премиер. Сега вие кажувате дека ова е завршено, усогласеноста на банките испаѓа дека од сето ова апсолутно нема никој ниту право, ниту знаење кои ингеренции и какви ингеренции има во оваа држава. Мислам дека тоа требаше да го решите, затоа што се земени 25 милиони, и како што вие кажувате сите тие средства ќе ги искористите за отплата на надворешниот долг на Република Македонија. Ова што го кажуваше господинот Арсовски дека ние треба да внимаваме како ќе ги задолжиме нашите идни поколенија. Тоа внимавање, мислам и премногу внимаваме и затоа да се насочиме во тоа што го правиме. Ова тотално е изненадување за нас - развивање професионална, политички неутрална државна администрација управувана врз основа на заслуги наместо врз основа на политичка лојалност и способност за привлекување и задржување и мотивирање на потребните квалификации на човечкиот капитал.

Ако политичката чистка е ова што сега добивме чистка, како што кажувате вие овде, способна и професионална администрација значи понатаму не ни треба ништо. Се е во ред, се е завршено, тука се парите, тука се средствата, тука е се и сигурно дека ќе се држите на ова и за изборите за да понатаму да се знае кој и што ќе се вработува.

Понатаму, за фондот за здравствено осигурување кажувате дека има големи успеси, 30% не се враќале назад и сл. и во таа ера кога ние кажуваме за најголемите успеси на Фондот за здравство и за болниците се случува во Битола најава за наредниот месец, од денес натаму, до 20 јануари апсолутно да нема правење на операции, затоа што луѓето или немаат парно или нешто друго се случува што ние не го знаеме, а треба да го знаеме. Фондот колку пари е во загуба треба да кажете вие.

Понатаму, кажавте еден податок дека горди сте што 100 милијарди сте дале, или 100 милиони евра, ако не е точно ќе ме поправите, во ситуација за увозот на нафта да го покриете она што било разлика во цените. Тоа е се во ред, но јас ќе ве прашам 60 милиони евра во нафта граѓаните на Република Македонија ги платија кога нафтата секаде во светот беше најефтина, ние плаќавме најскапа. Тогаш не бевте горди. И тогаш и сега треба да бидете горди да направите една разлика и да видиме дали за тоа некој одговараше, а за ова некој треба да се пофали. Имаме луѓе кои што знаат да си ја бркаат работата, но видовме од тоа што беше кажано дека апсолутно некои работи не се како што треба. И, сега, доаѓаме во ситуација за која што вие ни говоревте дека имате шанси, дека можете просперитетно сме блиску до Европа и дека трите критериуми ги задоволуваме и останува уште 4-от да го задоволиме и ние ќе бидеме во Европа.

Јас очекував дека денес ќе имаме тука презентација на она што значи доближување до Европските фондови. Значи, веќе кога зборуваме за Буџетот, очекував дека ќе кажете отприлика за наредната година Република Македонија може да очекува дали тоа ќе биде отплатување на странскиот долг со сите средства што досега сте ги добиле и од Телеком и од сите работи и инвестиции од овој буџет, но тоа досега не сме го виделе, а и нема и да видиме. Затоа што, тогаш на прашањата и пратенички и она што беше Буџет, вие одговаравте дека со тие средства се пополнува буџетската дупка,се враќаат средства на домашните и странските кредитори и тука завршува приказната. Дали сега во овој момент најавата за продажбата на тие 49% акции во македонските телекомуникации е тоа што на Република Македонија и треба, тоа што ќе донесе големи пари, кои што повторно, кажувам, апсолутно не ги гледам и не гледам ниедна инвестиција досега. Дали е тоа продажбата на ЕСМ - Дистрибуција, затоа што господине министре вие треба да одговорите пред овој парламент дека ние зедовме кредит од 45 милиони за претприватизација. Што ќе се случи ако приватизацијата не се реализира до почетокот на изборите или до крајот на март. Еве, последните најави, можеби ќе има предвремени парламентарни избори, што ќе се

случи тогаш кога треба Република Македонија треба веднаш да ги враќа тие пари. А, од тие средства, апсолутно барем јас така сфатив, дека претприватизација на ЕСМ се средства кои што ќе го подигнат комбинатот на едно повисоко ниво и да постигнат поголема цена. Наместо тоа, ние сега стигнуваме до некои бројки, кои што ако ние ги дадеме акциите на Европската банка за обнова и развој од 140-145 милиони, тоа е веќе 30 до 40% од акциите да одат само во Европската банка. Меѓувреме, ако подигнеме уште еден кредит, ќе треба директно ЕСМ да го продадеме на Европската банка за обнова и развој. Ако е тоа целта, тогаш треба да знаеме сите.

Во однос на екологијата, пред малку спомнав некои работи и мислам дека тука, во претходните години можеби постигнавме како парламент најголем напредок, донесовме најмногу закони, но со тоа што тие закони се обврзувачки. Ние и понатаму можеме да донесуваме закони, но треба да направиме и да изградиме стандарди по кои ќе се движиме во Европската унија и тие стандарди се многу ригорозни, веќе кога сме ги прифатиле и тука апсолутно не треба да има дилеми. И, сега гледам дека жешки еколошки точки, јаловишта, лизгалишта, сите тие работи се внесени во една ситуација каде што се определени многу минимални средства, кои видовме што ќе се случи после дејствувањето на таквите еколошки жешки точки кога вие дали од Буџетот, дали од задолжување на Република Македонија ќе треба да се потрошат 10 или 20 пати повеќе од овие што сега ги имате предвидено за санација. Ако ние секогаш како Парламент и вие како Влада, чекате да се случи несреќата, па после тоа интервентно да се вклучиме сите, мислам дека видовме и со поплавите и со ова, апсолутно не водиме грижа за нешто што е толку нормално и толку видливо. Значи, многу најави за тоа што ќе треба да ги решиме проблемите со отпадот во југозападниот дел, во северозападна Македонија, во источниот дел, но тоа многу тешко ни оди. Ако некој каже дека 50-60 километри треба да го носите ѓубрето за да се истовари на една таква пречистителна станица, мислам дека такви примери и покрај тоа што Европа е многу богата, многу тешко ќе ги најдете, нема да ги најдете никаде. Но, тука се големи работи, тука се големи средства и мислам дека помошта од луѓе кои што се од тие области ќе ви биде неопходна за понатамошно планирање и на Буџетот и на она што значи ваше и наше движење кон Европската унија.

Можеби на крајот, а не на крајот многу од граѓаните на Република Македонија и на почетокот е она што значи работењето на Агенцијата за млади и спорт.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, ова е крај, а вие само кажете колку ќе трае вашиот говор.

**Спиро Мавровски:** Па, може, за 5 минути би завршил.

**Љупчо Јордановски:** Еве, имате 5 минути да завршите.

**Спиро Мавровски:** Ви благодарам господине претседателе.

Значи и покрај тоа што го спомнуваме на крајот и вака сега во мојата дискусија мислев да обрнам поголемо внимание и да се обратам до вас, затоа што како пратеници потегнавме една иницијатива да се донесе закон, во кој што дел од данокот каде што веќе вие сега најавувате нови закони со покачување и нови услови за оданочување, дел од тој данок да се префрли токму кај спортските екипи, во културата, науката и образованието. Која е целта, мислам дека не треба многу да елаборирам, а ова што го гледам од Агенцијата за млади и спорт, апсолутно за оние колеги кои не го следат спортот, кажува многу несериозни информации. Ова апсолсутно нема никаква допирна точка со она што е реалност и стварност во Република Македонија, затоа што како што се наведува тука втор или трет, тоа веќе не постои скоро во ниеден спорт. Значи, спортот и она што значат супер лиги се скратува, а да не говорам за науката и образованието и она што значат студенски домови, студенски стандард, за кои што секоја година, тука имате дополнителни амандмани, кои што сигурно и оваа година ќе ги одбиете и покрај тоа што доаѓаат и од опозиција и од позиција, но во секој случај мораме да седнеме и да се најдеме во она што значи напредок за граѓаните на Република Македонија.

Нашето не е само да кажуваме, колку да кажеме. Мислам дека имаме ситуации за кои што треба сериозно да се разговара. Одговорноста е голема и на нас како пратеници, а уште повеќе на вас како Влада и на вас како министер, кој во овој момент треба да одлучува. Знам дека одговорноста е голема, но некогаш одговорноста е тоа што ќе донесе, а вие треба да пресечете и да знаеме што и како Република Македонија понатаму ќе се движи. Затоа што, дали некој ни дал кандидатски статус или не, се додека имаме тие 2 илјади долари по глава на жител, а најсиромашните во ЕУ се движат од 15 до 20 илјади, мислам дека тоа ќе биде дефинитивно главниот проблем и тука треба да се насочиме сите. Со ваков буџет, со социјала од 600 илјади, можеби ќе стигнат и до 800 илјади како што се движи вака само со бркање од работа и апсолутно неразвоен проект, мислам дека тоа е голем проблем за кој што треба да се бара решение. Колку ќе бидат тие фондови очекував дека нешто ќе кажете, според оние проценки првични барем што ги имавме во однос на тоа колкава ќе биде достапноста до Буџетот на Европската унија, мислам дека се многу мали, за да можеме да правиме такви големи реформи. Но, од друга страна мораме сите заедно да се свртиме кон она што е реалност, а реалноста е многу сурова.

Затоа, јас мислев дека ќе говориме многу повеќе пред тоа, за да се договориме за одредени ситуации, кои што треба сите заеднички да ги

излобираме. Во овој случај ваквиот Буџет не ќе можам да го поддржам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Седницата прекина со работа во 18,05 часот.